Врз основа на член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ – бр.8/2010), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 24.12.2010 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за енергетика, односно мерки за енергетска ефикасност на Општина Крива Паланка за 2011 година**

Енергетска ефикасност, всушност значи дека една активност или услуга може да се изврши со помала потрошувачка на енергија, што води и кон намалување на емисијата на гасови и други нус-продукти од согорувањето на фосилните горива, односно до заштита на животната средина. Енергетската ефикасност, односно поефикасната потрошувачка на енергија во голема мера придонесува и до заштеда на средства, кои можат да бидат искористени за други потреби, што директно влијае врз подобрување на квалитетот на живеење на самите граѓани.

Анализите извршени на објектите кои се во сопственост на општината покажуваат дека во Општина Крива Паланка енергетската ефикасност е многу ниска, односно дека постои огромен потенцијал за нејзино подобрување. Објектите се стари, многу слабо изолирани и покрај огромните сметки за електрична и топлинска енергија, постои огромен процент на енергија која бесполезно се троши. За таа цел, потребно е да се превземат соодветни мерки за реконструкција и реновирање на објектите, со примена на мерки за енергетска ефикасност.

Општината ги поседува и одржува административните, образовните и културните објекти како и општински услуги во општината, а обезбедува услуги за населението како што е користење и одржување на уличното осветление. Со намалување на потрошувачката на енергија, а со тоа и трошоците за енергија, се придонесува за подобрување на услугите и квалитетот на живеење на граѓаните во општината. Со намалување на трошоците за енергија на општинските објекти и услужните дејности на општината, сите граѓани кои живеат во неа ќе имаат директни придобивки од постигнатите заштеди.

Сето ова предизвикува потреба од креирање на центар во општината, екипиран со стручни луѓе, кои ќе ја следат и унапредуваат енергетската ефикасност, преку користење на различни мерки и технологии за енергетска ефикасност, со што ќе придонесат за заштедување на различните видови енергија и за подобрување на локалните економски политики со цел подобрување на квалитетот на севкупното живеење.

Во повеќето домаќинства, каде сметките за енергија претставуваат значителен процент од вкупните месечни животни трошоци, овозможувањето на пристап да информации и соодветна стручна поддршка за примена на мерки за заштеда на енергија. Со тоа ќе се отвори можност за вклучување на јавноста од пошироката заедница во процесот на донесување на одлуки и политики поврзани со примена на мерки за енергетска ефикасност. Тоа е еден од најдобрите начини за потврдување на демократските вредности, но истовремено и заживување на оптимизмот и гордоста на локалните вредности.

Програмата на Општина Крива Паланка за локален економски развој, во сферата на енергетиката и имплементација на мерките за енергетска ефикасност, во текот на 2011 година, во главном ќе бидат насочени кон:

- Продолжување на процесот на креирање на локална политика за енергетика, преку подготвување на елаборати и проекти и заокружување на Програмата за енергетска ефикасност на Општина Крива Паланка, а истовремено и создавање на услови и можности за практична имплементација на потребните мерки за енергетска ефикасност во објектите кои се во надлежност и управување на општината. Со ова ќе се постигне исполнување на стратешките цели поврзани со мерките за енергетска ефикасност, односно намалување на трошоците за енергија и пренасочување на овие средства во економскиот развој на општината, односно подобрување на квалитетот на живеење.
- Искористување на можностите за користење на обновливите извори на енергија за производство на електрична енергија, односно промовирање на изворите на чиста енергија, кои се присутнина територијата на Општина Крива Паланка

## Предвидени проекти

Проектите кои се предвидени во делот на енергетиката, односно имплементација на мерките за енергетска ефикасност и искористување на обновливите извори на енергија се:

| Р/б | Име на проект | Вкупна вредност (во МКД) |
|---|---|---|
| 1. | Обука на вработени од администрацијата за енергетска ефикасност | 100.000,00 |
| 2. | Изработка на Локална Програма за енергетска ефикасност (ЛОПЕФ) | 200.000,00[1] |
| 3. | Изготвување на проекти (идеен, основен, изведбен..), физибилити студии за изградба на мини хидро-електрани на постоечки цевковод за водоснабдување на градот, подготовка на тендерска документација, ангажирање на експерти.... | 5.000.000,00 |
| 4. | Изградба на две мини хидро-електрани на цевковод Станци – Фабрика за вода | 25.300.000[2] |
| 5. | Изработка на техничка документација за гасификација на централниот и индустрискиот дел од градот | 3.000.000,00 |
| 6. | Изработка на техничка документација за примена на мерки за енергетска ефикасност на зградата на Локалната самоуправа | 300.000,00 |

Исто така, овде може да се вбројат и други тековни развојни активности, кои ќе се одвиваат во соработка со другите служби или партнерски со бизнис и невладиниот сектор, а се со цел подобрување на состојбата со енергетската ефикасност во општината.

Вкупен износ на средствата, кои се планирани за имплементација на овие активности се планира на **33.900.000,00** денари.

Сите активности, предвидени со Програмата за енергетика, односно за примена на мерки за енергетска ефикасност ќе бидат финансирани со средства од Буџетот на

[1] Со вклучено и печатење на ЛОПЕФ
[2] Парите треба да се обезбедат со земање на кредит

Општина Крива Паланка за 2011 година. Средства за реализација на предвидените проекти ќе се обезбедуваат и на друг начин пропишан со позитивната законска регулатива, односно преку аплицирање до странски и домашни грантови програми, донации и спонзорства. Проектната активност бр.5, односно Изградбата на две мини хидро-електрани на постоечки цевковод за водоснабдување на градот Крива Паланка, ќе биде реализирана преку обезбедување на кредит/заем од банка, преку спроведување на регуларна законска процедура.

Процесот на гасификација на градот се планира да се реализира со имплементација на јавно-приватно партнерство.

Големиот број на проекти покажува дека општината серизно го има сфатено проблемот со бескорисно трошење на енергијата, односно дека е сериозно заинтересира за примена на мерките за енергетска ефикасност, како еден од начините за заштеда на средства и нивно искористување во подобрување на квалитетот на живеење на локалната заедница.

Одговорноста за успешноста на имплементација на проектите ќе биде лоцирана во Одделението за јавни дејности, економскиразвој и информатичка технологија, во чија надлежност влегува и тематиката поврзана со енергетиката и имплементација на мерки за енергетска ефикасност.

**Бр. 07 – 4545/3** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**24.12.2010 год.** — **П р е т с е д а т е л ,**
**Крива Паланка** — **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Рrограмата за енергетика односно мерки за енергетска ефикасност на Општина Крива Паланка за 2011 година**

1. Се прогласува Рrограмата за енергетика односно мерки за енергетска ефикасност на Општината Крива Паланка за 2011 година, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.
2. Програмата да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4545/4** — **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.12.2010 год.** — **Градоначалник,**
**Крива Паланка** — **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 22, став 1, точка 3 од Законот за Локална самоуправа („Сл.Весник на РМ“ бр.5/02) и член 14, став 1 од Статутот на Општина Крива Паланка („Сл.Гласник на Општина Крива Паланка “ бр.8/10), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 24.12.2010 донесе

# П Р О Г Р А М А
## за развој на информатичко – комуникациската технологија на Општина Крива Паланка за 2011 година

Одделението за јавни работи, економски развој и информатичка технологија работи на воведување на електронско управување на локално ниво и промоција и развој на ИКТ. Електронската општина кон која се стремиме, ќе овозможи навремени, транспарентни и ефикасни услуги кон граѓаните. Ова води кон намалување на трошоците во работењето на администрацијата, подобрен квалитет на услугите кон граѓаните и во голема мера лимитирање на можноста за корупција. Исполнувањето на овие предуслови води кон постабилен економски и општествен развој.

Програмата за развој на ИКТ е креирана во согласност со Националната стратегија за развој на информатичко општество и Локалната ИКТ стратегија на Општина Крива Паланка.

Оваа Програма за развој на ИКТ на локално ниво претставува план за имплементација на ИКТ во работата на општинската администрација со цел воведување на современа концепција за електронско водење и управување со електронските сервиси на Општина Крива Паланка.

Програмата за развој на ИКТ за 2011г. претставува продолжување на политиката на општината од претходните години, односно надградба и усовршување на досегашните постигања.

- **Имплементација на Географски Информативен Систем (ГИС)**

Географскиот информациски систем (ГИС-систем) е една од главните алатки за работа на секторот за урбанизам во општината. ГИС-системот претставува систем којшто се користи за внесување, интегрирање, зачувување, анализа, управување и споделување податоци поврзани со локации во просторот.

- **Имплементација на Правилникот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци**

Согласно Правилникот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци потребно е да се имплементираат низа од мерки со кои се обезбедува соодветно ниво на безбедност и се дефинира начинот на манипулација со резервните копии на податоците.

- **Подобрување на информатичко –комуникациската инфраструктура**

Во текот на изминатиот период, општината направи голем исчекор во процесот на компјутеризирање на сите одделенија, односно скоро сите вработени кои имаат потреба од користење на компјутери се обезбедени со свој работен простор и компјутерска опрема и се вклучени во информацискиот систем на Општината. Меѓутоа, се уште има потреба за нова ИКТ-опрема, како и модернизација на дел од постоечката, бидејќи е застарена и нема можност за поширока употреба.

- **е-даноци**

Како новина планирано е воведување на веб апликација за online извештаи. Апликацијата е наменета за даночните обврзници. Преку овој веб портал даночните обврзници ќе можат да ја проверат својата состојба во општината и тоа: финансиска картица, пријавени имоти, изготвени решенија, следење на предметот за данок на промет, наследство и подарок и пријавени деловни единици за правните лица.

- **е-билтен**

Во насока на зголемување на транспарентноста на Општината и подобрување на комуникацијата со граѓаните предвидено е издавање на дневен е-билтен кој ќе содржи информации за дневното работење на општината. е-билтенот ќе биде достапен на веб страната на Општината, а ќе биде доставен во вид на е-маил порака до сите заинтересирани граѓани.

- **Обуки на вработените и на граѓаните**

Имплементацијата на нови софтверски и хардверски решенија мора да биде следена со соодветни обуки на вработените за да се постигнат очекуваните резултати. Од друга страна потребни се и обуки за граѓаните за користење на е-услугите на општината.

| Р.бр. | Проект | Предвидени средства (мкд) |
|---|---|---|
| 1. | Имплементација на ГИС | 2.000.000 |
| 2. | Имплементација на Правилникот за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци | 195.000 |
| 3. | Подобрување на информатичко – комуникациската инфраструктура | 360.000 |
| 4. | е-даноци | 30.000 |
| 5. | е-билтен | 20.000 |
| 6. | Трошоци за одржување на апликации од трети лица и хостирање (mt.net/ marnet / edusoft / euronetcom/neocom ...) | 150.000 |
| 7. | Тековно одржување на хардвер и софтвер | 150.000 |
| 8. | Обуки | 200.000 |
| | | **ВКУПНО: 3.105.000** |

**Бр. 07 – 4545/5**
**24.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**Совет на општина Крива Паланка**
**Претседател,**
**Миле Милковски, с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Рrограмата за развој на информатичко-комуникациската технологија на Општина Крива Паланка за 2011 година

Се прогласува Рrограмата за развој на информатичко-комуникациската технологија на Општината Крива Паланка за 2011 година, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.

2. Програмата да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4545/6**
**27.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 22,став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Сл. Весник на РМ“бр.5/02) и член 14, став1, точка 11 од Статутот на општина Крива Паланка („Сл.гласник на Општина Кр.Паланка бр.8/010), Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на 24.12. 2011 година, донесе

## П Р О Г Р А М А
## За активностите на Општина Крива Паланка во обласrа на локалниот економски развој за 2011 год

Развојните приоритети на Општина Крива Паланка во областа на локалниот економски развој во текот на 2011 година ќе бидат насочени кон :

- поддршка на локалниот економски развој
- продлабочување на меѓуопштинската соработка
- продлабочување на меѓународната соработка
- потикнување на развојот на туризмот
- поддршка на граѓанските здруженија

**Основна цел** на Програмата е реализација на развојните приоритети согласно постојните стратешки документи.

**Проектните активности** во Општина Крива Паланка во областа на Локалниот економски развој за 2011 година ќе бидат насочени кон развој на општината согласно надлежностите и утврдените развојни и структурни прооритети.

**Поддршка на локалниот економски развој** е планирано да се реализира преку следниве активности:

**1.Подготовка на проекти согласно стратешките документи и годишните програми на општината**

Се предвидуваат средства за учество во следните активности:

- Подготовка на апликации за пристап до средства од државни фондови и институции, донатори
- Учество на обуки, работилници, семинари, и сл.
- Превод на стручна литература
- Консултански услуги
- Воспоставување на партнерства

Предвиден буџет: 1 420 000,00ден.

**2.Средства за сопствено учество во имплементација на проекти**

При аплицирање за одредени проекти , во зависност од донаторот се наметнува потреба од обезбедување на средства за сопствено учество како услов при аплицирање на одреден проект. Се предвидуваат средства за сопствено учество во следните активности:

- Партиципација односно сопствено учество на Општина Крива Паланка за имплементација на проектот „Реконструкција на ОУ во Општина Крива Паланка“.
- Партиципација односно сопствено учество на Општина Крива Паланка за аплицирање и реализација на меѓународни проекти осбено од ИПА, ИПАРД фондовите.
- Партиципација односно учество на Општина Крива Паланка за аплицирање и реализација на регионални проекти во рамките на Центарот за регионален развој на Североисточниот плански регион согласно Законот за рамномерен регионален развој.
- Партиципација односно сопствено учество на Општина Крива Планака во Реализација на проект „Меѓуопштинска соработка за унапредување на животната средина„.

Предвиден буџет: 5 813 569,00 ден

**3.Подршка на развој на МСП и претприемаштво**

Подршката и развој на МСП и претприемаштво е планирано да се реализира преку следните активности:

- Обуки на бизнис секторот

Предвиден буџет: 100 000,00 ден

**4.Меѓуопштинска соработка**

Општина Крива Паланка во областа на меѓуопштинската соработка во 2011 година ќе се насочи кон продлабочување на соработката со општините и подготовка и реализација на заеднички активности . Се предвидуваат средства за следните активности:

- Подготовка и реализација на заеднички активности и проекти

Предвиден буџет: 400 000,00 ден

**5.Меѓународна соработка**

Општина Крива Паланка во областа на меѓународната соработка во 2011 година ќе се насочи кон продлабочување на воспоставената соработката со збратимените градови како и проширување на соработката со нови партнери. Се предвидуваат средства за следните активности:

- Организирани посети на претставници од општина Крива Паланка во збратимени градови
- Организирање на меѓународни средби и престој на делегации во Општина Крива Паланка

Предвиден буџет:920 000,00ден

**6.Потикнување на развој на туризмот во општина Крива Паланка**

Програмата за поттикнување на развојот на туризмот е насочена кон активности во различни подрачја на делување, а со цел создавање на соодветни услови за искористување на конкурентните предности и дефинирање на туристичката понуда и производи идентификувани со Стратегијата за развој на туризмот во осоговскиот прекугграничен регион (2008-2012) и Предлог стратешкиот план за локален развој (2009-2014) и усвоените приоритети.

Се предвидуваат средства за следните активности:

- Организирање на настапи и присуство на саеми
- Изготвување на печатен и електронски, промотивен материјал на македонски и странски јазик

Предвиден буџет:360 000,00 ден

**7.Поддршка на Граѓански здруженија**

Основни цели на Програмата за активностите на општина Крива Паланка за поддршка на НВО секторот во 2011 година се:

1. Соработка со НВО секторот
2. Создавање услови за реализирање на активностите на граѓани и здруженија на граѓани.
3. Афирмација на општина Крива Паланка како општина со развиена и активна мрежа на НВО.

За реализација на целите на оваа Програма, општина Крива Паланка ќе ги преземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресуси.
Во контекст на ова, активностите најмногу ќе ги насочиме кон:

- Сочувување на континуитетот за соработка со граѓанскиот сектор
- Обезбедување просторни услови за работа на здруженијата на граѓани
- Воспоставување на соработка со здруженија на граѓани од различни интересни групи на делување
- Здуженија што ја афирмираат Општина Крива Паланка во државата и надвор од неа.
-

Во областа на поддршката на НВО секторот, активностите на Општина Крива Паланка ќе бидат насочени кон реализирање на партнерски проекти од поширок интерес на заедницата, кон градење на мрежи и коалиции во сите области на делување на локалната самоуправа.

Се предвидуваат средства за следните активности:

- Поддршка на програмски активности на здруженија на граѓани
- Комунални трошоци во Туристичко информативниот центар-ЗГ Кластер за развој на туризмот
- Обука на НВО секторот

Предвиден буџет: 350 000,00 ден.

**8.Други оперативни расходи и договорни услуги**

Во овој дел пред се се мисли на договори за одредени услуги со правни или физички лица или хонорари без кои не би можеле да се реализираат одредени предвидени активности во Програмата.
Предвиден буџет: 200 000,00ден.

**9. Членарина на ЗЕЛС и други здруженија и асоцијации**

Предвиден буџет: 170 000,00 ден.

Предвидените активности во рамките на Програмата за за активностите на Општина Крива Паланка во областа на локалниот економски развој во 2011 год ќе бидат финансирани од средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2011 година.

**Рекапитулар**

| НАЦРТ ПРОГРАМА ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА ВО ОБЛАСТА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ЗА 2011 ГОДИНА | | | |
|---|---|---|---|
| Бр. | Активност | Опис | Износ МКД |
| 1. | **Подготовка на проекти согласно стратешките документи и годишните програми на општина Крива Паланка** | Подготовка на апликации за пристап до средства од државни фондови и институции и донатори | 620 000,00 |
| | | Учество на обуки, работилн, семинари и сл. | 200 000,00 |
| | | Превод на стручна литература | 100 000,00 |
| | | Консултантски услуги за специфични проектни апликации | 300 000,00 |
| | | Воспоставување на партнерства неопходни во проектните апликации | 200 000,00 |
| 2. | **Средства за сопствено учество во имплементација на проекти** | Партиципација односно сопствено учество на Општина Крива Паланка за имплементација на проектот „Реконструкција на ОУ во Општина Крива Паланка“. | 614 129,00 |
| | | Партиципација односно сопствено учество на Општина Крива Паланка за аплицирање и реализација на меѓународни проекти осбено од ИПА, ИПАРД фондовите. | 4 800 000,00 |
| | | Партиципација односно учество на Општина Крива Паланка за аплицирање и реализација на регионални проекти во рамките на Центарот за регионален развој на Североисточниот плански регион согласно Законот за рамномерен регионален развој | 208 200,00 |
| | | Партиципација односно сопствено учество на Општина Крива Планака во Реализација на проект „Меѓуопштинска соработка за унапредување на животната средина | 191 240,00 |
| 3. | **Подршка на развој на МСП и претприемаштво** | Обуки на бизнис секторот | 100 000,00 |
| 4. | **Меѓуопштинска соработка** | Подгот.и реализ. на заеднички активности и проекти | 400 000,00 |
| 5. | **Меѓународна соработка** | Организирани посети на претставници од општина Крива Паланка во збратимени градови | 620 000,00 |
| | | Организирање на меѓународни средби и престој на делегации во Општина Крива Паланка | 300 000,00 |
| 6. | **Потикнување на развој на туризмот во општина Крива Паланка** | Организирање на настапи и присуство на саеми | 160 000,00 |
| | | Изготвување на печатен и електронски, промотивен материјал на македонски и странски јазик | 200 000,00 |
| 7. | **Поддршка на Граѓански здруженија** | Подршка на програмски активности на здруженија на граѓани | 150 000,00 |
| | | Комунални трошоци во Туристичко информативниот центар-ЗГ Кластер за развој на туризмот | 100 000,00 |
| | | Обука на НВО секторот | 100 000,00 |
| 8. | **Други оперативни расходи и договорни услуги** | | 200 000,00 |
| 9. | **Членарина на ЗЕЛС и други здруженија и асоцијации.** | | 170 000, 00 |

Бр. 07-4545/7
24.12.2010год.
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател,
Миле Милковски,с.р.

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градо
началникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Ррограмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на локалниот економски развој за 2011 година**

1. Се прогласува Ррограмата за активностите на Општината Крива Паланка во областа на локалниот економски развој за 2011 година, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.
2. Програмата да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4545/8**
**27.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

член 19, став 1, точка 2 од Законот за управување со отпад („Сл.весник на РМ“ бр.68/04,107/08,134/08 и 124/10) и член 14 од Статутот на Општина Кр.Палан
штина Крива Паланка на седницата одржана на 24.12.2010 г., донесе

**П Р О Г Р А М А**

**ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**ЗА 2011 ГОДИНА**

рамата за управување со отпад за 2011 година е изготвена во согласност со Планот за управување со отпад (2009 – 2013 г.). Истата опфаќа активности ко
периодот на 2011 година.

рамата опфаќа подготвителни активности за преминување кон регионално депонирање на комуналниот отпад. Тука е предвидено остварувањето на
Североисточниот регион, одржување на консултативни состаноци како би се преминало во пократок временски рок кон регионално депонирање
нија која би ги исполнувала сите ЕУ стандарди за безбедно одлагање на отпадот.

место во Програмата за отпад за 2011 година има и селектираното собирање на комуналниот отпад (ПВЦ, хартија, стакло), како би се подобрил досега
омуналниот отпад и би се допринело кон намалување на количината на одложениот отпад, како и искористување на отпадот како секундарна сурови

азградливиот отпад е застапен со голем процент во вкупната количина на комунален отпад, така да се предвидува отпочнување на процес на биок
нствено со биокомпостирање на биразградливиот отпад од јавните површини ( градскиот парк, градскиот пазар, јавните зелени површини), за
он домашното биокомпостирање.

те депонии како проблем се јавуваат и се провлекуваат години наназад, земајќи ги како причини ниската еколошка свест кај населението, недоволнат
на општината со садови за отпад како и нечестото собирање на одлошениот отпад. Од тие причини во оваа Програма се опфатени активности за чи
но постепено намалување преку набавка на повеќе садови за отпад со што би се покрила целата површина на територијата на општината., поправка на
предвидува и спроведување на донаторски акции во склоп на општината и училиштата, се со цел намалување на количината на одложен отпад.

АЦИЈА НА ПОДГОТВИТЕЛНИТЕ АКТИВНОСТИ ЗА СИСТЕМ ЗА СОБИРАЊЕ, ТРАНСПОРТИРАЊЕ И ДЕПОНИРАЊЕ НА ОТПАД И ЗАТВАРАЊЕ И РЕМЕДИЈАЦИЈА НА ПОСТОЈНАТА ДЕПОНИЈА

**ирање кај централната власт за спроведување студија за североисточна Македонија**

| | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет | Извори на фи |
|---|---|---|---|---|
| консултативни состаноци со општините од от регион и МЖСПП за реализација на концептот за отпадот на регионално ниво. | Општина Крива Паланка во соработка со другите општини од Североисточниот регион | 2011 Континуирано | / | |

**ибилизирање на населението за прифаќање на регионалниот концепт**

| | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет | Извори на ф |
|---|---|---|---|---|
| е на јавна кампања со средби во сите Месни заедници и ор за објаснување на придобивките од концептот и ја на евентуалниот отпор на населението кон обврската на целокупните трошоци на услугата што може да ена на тарифите | Претседатели на МЗ, одговорни лица од општината, комунален инспектор | 2011 Континуирано | / | |

АКЦИИ ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СИСТЕМ ЗА СЕЛЕКТИВНО СОБИРАЊЕ НА ОТПАД И РЕЦИКЛИРАЊЕ

**авување на типски садови за селекција на отпад**

| | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет | Извори на фи |
|---|---|---|---|---|
| ање на 30 комплети типски садови за селекција на ВЦ, хартија, стакло) на најфреквентните места во градот, вните станбени згради, училиштата и градинките, циите. | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2011 (првите 6 месеци од годината) | 2.500 ЕУР | СС, МЖСПП |
| вање на простор кој ќе биде соодветно опремен за о третирање и складирање на селектираниот отпад. | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2011 ( Втора половина од 2011 год.) | 5.000 ЕУР | СС, ЈП I |
| на машина балирка за обработка на ПЕТ амбалажа | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2011 ( Втора половина од 2011 год.) | 5.000 ЕУР | СС, МЖСПП |
| на брошури во кој ќе се наведат предностите и та од селектирање на отпадот | Општина Крива Паланка | 2011 (првите 6 месеци од годината) | 1.000 ЕУР | |

АКТИВНОСТИ ЗА ПРЕВЕНЦИЈА НА ОТПАД

**низирање на акции за донирање**

| | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет | Извори на фи |
|---|---|---|---|---|
| анизирање на донаторски акции во училиштата<br>анизирање на општинска акција за донирање | Општина Крива Паланка, училиштата, НВО | Октомври 2011 | 1.000 ЕУР | СС, М |

КОМПОСТИРАЊЕ НА БИОРАЗГРАДЛИВ ОТПАД

**дување на биокомпостирање на биоразградлив отпад**

| | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет | Извори на фи |
|---|---|---|---|---|
| вување на био - компостер под управување на ЈП налец со употреба на биоразградливиот отпад од киот парк, градскиот пазар и зелените површини на оријата на градот.<br>ција на претставници на ЈП Комуналец кои ќе уваат со овие бикомпостери<br>ботка на компостерите од локален занаетчија<br>оција на остварените резултати преку општинската ВЕБ а, локалните медиуми | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец, НВО, консултанти | 2011 ( Втора половина од 2011 год.) | 12.000 ЕУР | СС , МЖ |

АКТИВНОСТИ ЗА РАСЧИСТУВАЊЕ НА ДИВИ ДЕПОНИИ

**Задача 1: Расчистување на диви депонии на територијата на општина Крива Паланка**

| Активности | Одговорна институција | Временска рамка | Буџет |
|---|---|---|---|
| – Анализа на теренот (евидентирање на дивите депонии). Изработка на катастар на диви депонии.<br>– Организирање на акции за расчистување на дивите депонии преку времено ангажирање на невработени лица. | Општина Крива Паланка, ЈП Комуналец | 2011 (Прва половина од 2011 год.) | 5.000 ЕУР |

**Бр.07-4545/9**
**24.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Рrограмата за управување со отпад во Општина Крива Паланка за 2011 година**

1. Се прогласува Рrограмата за управување со отпад во Општината Крива Паланка за 2011 година, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.

2. Програмата да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4545/10**
**27.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 22 став 1, точка 4 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), член 52 од Законот за јавните патишта („Службен весник на РМ“ бр.84/08 ) и членот 23 од Статутот на општината Крива Паланка („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/10), Советот на Општина Крива Паланка на Седницата одржана на 24.12.2011 година донесе

**П Р О Г Р А М А**
**За реализација на Елаборатот за режимот на сообраќај во поширокото централно подрачје на градот Крива Паланка за 2011 година**

Програмата за реализација на Елаборатот за режимот на сообраќај во поширокото централно подрачје на градот Крива Паланка , односно поставување на вертикална и хоризонтална сигнализација на улиците во градот Крива Паланка,

претставува своевидна рамка на приоритетите во областа на урбаното живеење, а пред се таа е произлезена од потребите и проблемите на локалната заедница во поглед на безбедноста на севкупниот сообраќај што се одвива во грдот Крива Паланка.

Навременото поставување на вертикална и хоризонтална сигнализација на улиците во градот е неопходно и приоритетно во развојниот процес на градот и пошироко на општината Крива Паланка, со што се регулира побезбеден и побрз проток на сите учесници во сообраќајот.

Во 2010 година беше реализиран само дел од првата фаза од Програмата за реализација на Елаборатот за режимот на сообраќај во поширокото централно подрачје на градот Крива Паланка. Отпочната е постапка за вршење на измени и дополнување на Елаборатот, избран е најповолен понудувач ( фирмата ИН ПУМА ДОО Скопје, институт за урбанизам, сообраќај и екологија) која има изработено Основен сообраќаен проект за измени и дополнување на Елаборатот за режимот на сообраќај во поширокото централно подрачје на градот Крива Паланка, Основен сообраќаен проект за поставување на технички средства за забавување на сообраќајот кај спортско рекреативниот центар во Крива Паланка и Основен сообраќаен проект за поставување на патоказни табли за Манастир „св.Јоаким Осоговски“. Сите проекти се во фаза на одбрување, односно на барање на согласност од МВР на Р.М., и по добивање на истата ќе се најдат на одобрување пред Советот на општината.

Имајќи ги во предвид финансиските средства со кои располагаше Општината во изминатите години, а поготово и податокот дека и во оваа година Општината ќе располага со приближно исти финансиски средства, или со незначително зголемување, со оваа Програма повторно се предвидува реализацијата на Елаборатот за режимот на сообраќај во поширокото централно подрачје на градот Крива Паланка да се подели во 3 фази кои би се изведувале спрема приливот на средства и тоа:

1. Во првата фаза ќе се заврши проектот за измена и дополнување на Елаборатот, потоа ќе се поставува преостанатата вертикална и хоризонтална сигнализација на главната колекторска сообраќајница во градот Крива Паланка на улицата „Св.Јоаким Осоговски“ и новиот дел на истата со преостанатите улици (основен услов за реализација на ова фаза е доизградба на улицата „Св.Јоаким Осоговски“ (нов крак), односно нанесување на неопходниот втор слој асвалт на истата ;
2. Во втората ќе се изврши поставување на преостанатите технички средства за забавување на сообраќајот или т.н. „лежечки полицајци“ пред поважните установи, како што се СОУ„Ѓорче Петров“, Дом за ученици„Боро Менков“, ОУ„Илинден“, на улицата „Св.Јоаким Осоговски“ кај колективните станбени згради пред нас.„Единство“ и поставување на технички средства за забавување на сообраќајот кај спортско рекреативниот центар во Крива Паланка. доколку истите бидат усвоени од страна на Советот на општината;
3. Во третата фаза ќе се поставува вертикална и хоризонтална сигнализација на улиците „8 – ми Октомври“, „ 17-та Македонска ударна бригада“ и „д-р Наско Тамбурков“ и на постоечките улици во градот опфатени со Елаборатот за режимот на сообраќај во поширокото централно подрачје на градот Крива Паланка.

**Финансиската вредност на работите предвидени со Програмата за 2011 година изнесуваат:**

Прва фаза -------------------------------------------------------- 580 000,00 денари
Втора фаза --------------------------------------------- -------- 600 000,00 денари
Трета фаза -------------------------------------------------------- 812 241,00 денари.

**Извори на финансирање:**

1. Средства од Буџетот на општината Крива Паланка 1.000 000,00 денари
2. Сраества од донации ( Агенција за државни патишта, Републички совет за безбедност на сообраќајот на патиштата и други дон ........................................................ 992 241,00 денари

**вкупно 1 992 241,00 денари**

**Бр. 07 – 4545/11**
**24.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**Совет на општина Крива Паланка**
**Претседател,**
**Миле Милковски, с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Ррограмата за реализација на Елаборатот за режимот на сообраќај во поширокото централно подрачје во град Крива Паланка за 2011 година

1. Се прогласува Ррограмата за реализација на Елаборатот за режимот на сообраќај во поширокото централно подрачје во град Крива Паланка за 2011 година, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.
2. Програмата да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4545/12**
**27.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

----------------------------

## С Т Р А Т Е Г И Ј А
## Локална ИКТ стратегија на Општина Крива Паланка

**1. Вовед**

Овој документ претставува ИКТ стратегија на Општина Крива Паланка за периодот од 2011 до 2015 година. Во него ќе биде даден преглед на тековната состојба во Општина Крива Паланка и целите кои се планирани да се постигнат во определениот временски период. Исто така, составен дел на овој документ е Акцискиот план со конкретни

проекти чијашто реализација ќе придонесе за исполнување на зададените стратешки цели.

Стратегијата претставува неопходна насока за воведување на информатичките и комуникациските технологии во општината со цел да се унапреди процесот на децентрализација и да се направи работата на општинската администрацијата поефикасна.

Во изготвувањето на ИКТ стратегијата учествуваа сите релевантни чинители (локална самоуправа, граѓани, експерти на државно ниво и дел од бизнис секторот) и нивното учество и прифаќање на ИКТ стратегијата ќе придонесе за нејзина успешна реализација и ефикасна трансформација на општината во напредна е-општина.

**2. Тековна состојба**

- ***Историја на развој на општината во областа на ИКТ***

Информатичките и комуникациските технологии како важна област во работата на општината досега не беа третирани (или беа во мала мера) во рамките на општата стратегија за развој на општината. Со процесот на децентрализација и стремежот за ефикасна, отчетна, ажурна и транспарентна општина, ИКТ заземаат многу важно место во програмата за работа на општината и тоа ја наметнува потребата од изготвување ваков стратешки документ посветен на ИКТ.

Почетоците на развојот на општината во делот на ИКТ се во 2001 година кога е изработена првата веб-локација на општината на адреса www.krivapalanka.gov.mk, која во континуитет постои веќе 9 години. На неа можат да се најдат информации за општината и нејзините активности. Од 2001 година општината има пристап на интернет, кога се понудени и првите е-услуги за корисниците. Во 2006 година е извршено вмрежување (поставена е локална мрежа – ЛАН), набавен е и првиот сервер. Во 2006 година се обезбедени софтвери за даноци и финансиско работење, а во 2009 систем за управување со документи. Во 2008 година е направена првата поголема набавка на компјутери.

Значајно место во испораката на обуки како за граѓаните така и за администрацијата има Информатичкиот центар, основан во 2000 година, а подоцна трансформиран во Фондација за информатички технологии – Информатички центар.

- ***Сегашна состојба***

Во времето на пишување на овој стратешки документ, личната ИКТ карта на општината е следната:

- Мрежно поврзување и пристап до интернет: сите компјутери со кои располага општината се мрежно поврзани со пристап на интернет.
- Хардверска опременост: општината располага со хардвер кој ги задоволува потребите на вработените.
- Софтверска опременост: Општината располага со софтвер за финансиско работење, даноци, буџет и управување со документи (архива).
- Веб локација: www.krivapalanka.gov.mk
- Службените адреси за е-пошта се на доменот од официјалната веб-локација на општината;

**3. Преглед на ИКТ-стратегијата**

***а. Визија, мисија, цели***

Визија (каде?) – ефикасна и транспарентна општина со висок квалитет на услуги за граѓаните и бизнисите

Мисија (како?) – оптимално користење на информатичките и комуникациските технологии во секојдневното работење

Цели:

- Поефикасна и потранспарентна општина ориентирана кон граѓаните и бизнисот;
- Техничко опремување и организациско зајакнување на општината;
- Постојана обука на вработените за надградба на знаењето;
- Намалување на трошоците во работата;
- Задоволување на потребите на граѓаните;
- Достапност на информации;
- Борба против корупцијата.

***б. Делокруг, област***

ИКТ стратегијата на општината е во согласност со законските норми и прописи, националните ИКТ стратегии и локалната стратегија за развој. Во ИКТ стратегијата е искористено стекнатото искуство на општината и на другите општини во областа на ИКТ. Дел од проектите дефинирани во акцискиот план вклучуваат и други партнери.

## *в. Предуслови, ограничувања, закани*

Движењето на пазарот на информатичките технологии и електронските комуникации во државата и општата клима во државата во областа на ИКТ се многу важни фактори. Прифатливи цени за хардвер, софтвер и електронски комуникации се добра основа за реализација на проектите предвидени во оваа ИКТ стратегија. Поддршката на централната власт за развојот на ИКТ во целата држава, дефинирана како стратешка цел во националните ИКТ стратегии, позитивно ќе влијае на развојот на ИКТ на локално ниво.

Со изготвувањето и прифаќањето на оваа ИКТ стратегија, јасно се изразува желбата и стратешката определба на раководните структури во општината (градоначалник, совет, раководители на сектори/одделенија) за реализација на ИКТ стратегијата. При креирањето на буџетот на општината ќе се имаат предвид зацртаните проекти во Акцискиот план и ќе се обезбедат средства за нивна реализација. Процесот ќе биде транспарентен и инклузивен. Сите вработени во општината ќе бидат запознаени со ИКТ стратегијата. Неопходна е соработка и координираност во спроведувањето на проектите од Акцискиот план. ИКТ стратегијата им е презентирана на граѓаните преку јавна дебата и граѓаните учествуваа во креирањето на ИКТ стратегијата преку предлози и сугестии.

Вертикалната интегрираност на општинската администрација може да претставува значајна пречка за ефикасна реализација на проектите зацртани во Акцискиот план на оваа ИКТ стратегија. Исто така, заменувањето на традиционалниот начин на работа со нов, со воведување на нови технологии, може да наиде на отпор кај вработените во општината и затоа треба да се работи на подигнување на нивната свест за придобивките од ИКТ. За имплементација на нови технологии неопходно е планирано и континуирано стекнување нови знаења и вештини преку реализацијата на планот за обука на вработените.

**г. Улоги и одговорност**

Информатичките и комуникациските технологии имаат допирни точки со сите сектори/одделенија во општината. Многу од проектите вклучуваат повеќе сектори/одделенија. Исто така, во случаите кои опфаќаат внесување, чување и пристап до информации, вклучени се голем дел од вработените. Со цел успешно спроведување на проектите од Акцискиот план на ИКТ стратегијата, за секој проект мора да се определат носители кои ќе бидат одговорни за нивното спроведување, како и други одделенија/вработени кои ќе бидат вклучени во реализацијата на одреден проект. Што се однесува до информациите, бидејќи голем дел од нив се од јавен карактер, мора внимателно да се следи внесувањето, чувањето и пристапот до информациите и да се определи одговорноста за евентуална злоупотреба или губење на податоците.

## 4. Комуникација и транспарентност

Комуникацијата и транспарентноста се многу важен елемент во работењето на општината. Општината мора да биде отворена и транспарентна пред граѓаните и компаниите и да служи како нивен сервис. Комуникацијата и транспарентноста значително ќе се унапредат со користењето на придобивките што ги нудат информатичките и комуникациските технологии. Исто така користењето на современите информатички решенија ќе придонесе и за подобра комуникација и координација внатре во самата општина.

### *а. Општина - корисници (граѓани, компании)*

Граѓаните и компаниите се главни корисници на услугите на општината. Вработените во општината секојдневно се во контакт со нив. Со цел да се унапреди работењето и ефикасноста на општината, таа треба постојано да ги известува своите граѓани и компании за услугите кои се достапни за нив, за тоа какви документи се потребни за да се проведе некоја постапка што им е потребна или за издавање некаков документ.

Јавните објави на веб-локацијата на општината, како и овозможувањето на директна двонасочна комуникација преку е-пошта се основните стандарди што секоја општина мора да ги исполни на својот пат кон отчетност и транспарентност. На граѓаните им е дадена можност за учество во работата на општината преку давање предлози и сугестии на официјаланата адреса на е-пошта на општината. Со тоа се обезбедува граѓанско учество во процесот на донесувањето на одлуки во општината.

Општината ќе се стреми кон воведување на електронски потпис во работата на општината. За таа цел, електронски потпис ќе биде набавен за градоначалникот, како овластено лице на општината, и за раководителите .

### *б. Воспоставување на дисперзирани општински канцеларии*

Со цел услугите на општината да бидат достапни и пристапни за сите корисници, мошне е важно граѓаните да можат да ги добиваат услугите во местото во кое живеат. За таа цел, општината ќе направи анализа за потребата од отварање на дисперзирани канцеларии во поголемите населени места што гравитираат кон административниот центар на општината.

### *в. Комуникација помеѓу одделенија и сектори во самата општина*

За една општина да функционира ефикасно и рационално, многу е важно да има координација и синхронизација на работата во самата општина, помеѓу одделенијата и секторите. За таа цел, сите вработени во општината мора да бидат запознаени со

начинот на работа на општината, како и постојано да се информираат за секоја промена. Вработените потребно е секојдневно да ја користат алатката за интерна комуникација (интранет или некоја слична алатка) за да бидат во тек со сите промени и новости.

## 5. Проекти кои опфаќаат повеќе сектори и одделенија

Во реализацијата на некои проекти ќе бидат вклучени повеќе сектори и одделенија, а резултатите од некои проекти ќе ги користат поголемиот дел од вработените.

### *а. Управување со корисници*

Информациите за корисниците/граѓаните се користат од вработените во сите одделенија во општината Управувањето со овие податоци треба да биде синхронизирано, т.е. ако дел од податоците за корисникот се променат од еден вработен, новите информации треба автоматски да се ажурираат кај сите корисници на информациите.

### б. Чување и заштита на податоци

Информациите и податоците кои ги поседува општината се средства кои се од особено значење за секојдневната работа и функционирањето на општината воопшто. Затоа податоците треба да се чуваат и да се заштитат според постојните пропишани норми и стандарди. Општината како сопственик на информациите ги прифаќа обврските за организација и спроведување на технички мерки за заштита и пристап до податоците.

### *в. Управување со знаење*

Многу е важно да се споделуваат информации добиени на разни советувања, семинари, обуки меѓу вработените во општината. Сите материјали, информации, записници и други информации кои вработените ги добиваат како знаење на сметка на општината треба да бидат на располагање на сите вработени. По секоја посетена обука, семинар, работилница, вработените треба да изготват извештај кој ќе биде достапен за сите вработени, а доколку е потребно, ќе биде достапен и за јавноста.

### *г. Мапирање на административни процеси и работни процедури*

Административните процеси и работните процедури мора да бидат јасно дефинирани и да постојат запишани на хартија и одобрени од раководните структури. На тој начин се гради и се јакне институционалната меморија и се подобрува ефикасноста. Ова ќе помогне при дефинирањето на софтверот за управување со документи и работни процеси. За таа цел ќе биде направено мапирање на административните процеси и процедури со примена на систем за квалитет за унифицирани правила за работење и на услугите на јавната администрација 1SO 9001:2008.

## 6. Технологии

### а. Мрежи

- **Вмрежување на објектите во кои е сместена општината**

За вмрежување на објектите во кои е сместена општината ќе се користи жичано вмрежување (локална мрежа –ЛАН). Притоа, при набавката на активната мрежна опрема, се води сметка истата да биде со можност за менаџирање и сегментирање на мрежата во ВЛАН. Ќе биде направена анализа за користење безжична мрежа доколку се работи за делење на пристап до интернет за јавно користење (јавни пристапни точки за интернет во просториите на општината).

- **Вмрежување на дисперзираните општински канцеларии**

Дисперзираните општински канцеларии ќе бидат поврзана со општината преку виртуелна приватна мрежа преку користење на комуникациски услуги од оператори на електронски комуникациски мрежи. На овој начин ќе се намалат иницијалните трошоци, трошоците за одржување на опремата, а се зголемува и нивото на испорачаната услуга. Бидејќи дисперзираните општински канцеларии функционираа и како јавна пристапна точка за интернет, може да се користи и безжичен пристап.

- **Вмрежување на територијата на целата општина**

Општината треба да направи напори за вмрежување на целата територија на општината. Сепак, тоа треба да оди постепено и прво треба да се обезбеди интернет-пристап до објектите што се отворени за грѓаните, како што се библиотеките, болниците, автобуските станици, парковите. Исто така, општината треба да овозможи достапност на електронска комуникациска инфраструктура до индустриските зони, со што овозможува подобри услови за работа на компаниите, што може да има голема важност во привлекувањето на странски и домашни инвестиции.

Со цел успешно вмрежување на територијата на целата општина со најмали трошоци, општината треба да изработи студија со модели за јавно-приватно партнерство со заинтересирани компании.

(При изработката на студијата треба да се има предвид Прирачникот за дизајн и имплементација на ефективни јавно-приватни партнерства (ЈПП), декември 2008 година, кој може да се најде на веб-локацијата на ЗЕЛС во делот Изданија, Публикации)

**б. Хардверска опременост (клиенти и сервери)**

Според стекнатите позитивни и негативни искустава од претходните години, наша стратешка определба е да се користат компјутери од етаблирани brand name производители. Покрај стабилноста на работата на системите, должината на гаранцискиот и постгаранцискиот период е значителна предност која ги издвојува од компјутерите кои не се брендирани. Друга стратешка определба во однос на користењето на хардверските уреди е постепена замена на постојните печатачи, скенери и фотокопири со мрежни мултифункциски уреди, со што се добива компактност на целокупниот систем и се намалува потребата од набавка на потрошни материјали и одржување на многу различни типови уреди. На овој начин се прави добра техничка основа за имплементирање на посложени софтверски решенија, како и контрола на пристап до податоците.

**в. Софтверска опременост (клиентски и серверски апликации)**

Софтверот што го поседува општината и неговото користење се клучни за работата на општината. Во моментот на пишување на стратегијата може да се каже дека носечката платформа е базирана на производи од еден производител. Во општината има имплементирано и софтвери кои се зависни од производи на други производители или други платформи.

Слободниот софтвер, исто така, наоѓа своја примена во рамките на општината. Наша цел е во иднина да се воспостави интегриран систем кој би ги обединил сите постојни апликации и бази на податоци во еден единствен ситем од каде ќе може да се добиваат ажурирани податоци во реално време, да се изготват услуги насочени како кон бизнисот и граѓаните, така и кон администарцијата. Во иднина при набавка на софтвер или специјализирани софтверски решенија, ќе се користат изготвените насоки и препораки, како и размена на искуство со останатите општини. Општината ќе

соработува со единицата на ЗЕЛС за подршка на е-општини. Исто така, за секоја нова имплементација на софтвер ќе се бара детална документација за производот, гаранција, подршка, изворниот код да биде депониран кај трето лице, како и соодветна обука за истиот.

**7. Интернет/интранет**

**а. Интернет**

Општината користи пакет за пристап до широкопојасен интернет и пристапот на интернет е достапен до сите вработени во секое време. Моменталната состојба во целост ги задоволува потребите на општината за интернет-пристап и не се планира надградба на пакет за пристап до широкопојасен интернет со поголема брзина и поголем интернет-сообраќај.

**б. Веб-локација**

Веб-локацијата на општината е www.krivapalanka.gov.mk и таа редовно се ажурира со најнови информации за активностите на општината, како и за одлуки кои се однесуваат на корисниците. Преку веб-локацијата се нудат и е-услуги за корисниците.

Веб-локацијата на општината треба да ги содржи најмалку овие модули:

- Основни информации за општината;
- Основни информации за организациската поставеност во општината (градоначалник, совет, раководители на сектори/одделенија);
- Информации од јавен карактер;
- Вести за настаните во општината;
- Извештаи и записници, службени гласници, формулари, барања, и сл.
- е-услуги;
- Процедури за градба на нова инфраструктура и користење на постојната во нивна сопственост;
- ГИС информации;
- Стратегија за развој - стратешки документи (општа и за развој во различни области);
- Намери за инвестирање на компании во одредени сектори;
- Регистри со профил на фирми кои работат на територијата на општината;
- Контакт (со градоначалникот и со администарцијата).

Информациите објавени на веб-локацијата се официјални информации за чијашто точност е одговорна општината. За да се гарантира веродостојноста на објавените информации на веб-локацијата, треба да се следи следнава процедура: информациите што треба да се објават на веб-локацијата треба да бидат подготвени од надлежното одделение, одобрени од раководно лице и доставени до лицето за односи со јавност. На веб-локацијата не смеат да се објавуваат информации кои не се одобрени од раководно лице и од лицето за односи со јавност.

Сите вработени во општината треба да имаат свои службени адреси на е-пошта на доменот на општината кои ќе служат за официјална комуникација со корисниците. Треба да се направи проверка кои вработени се уште немаат адреси на е-пошта на доменот на општината и веднаш да им се доделат.

*в. Интранет*

Општината ќе создаде услови за користење на интранет систем за меѓусебна соработка и размена на документи помеѓу службите. До системот ќе имаат пристап само авторизирани корисници со што ќе се овозможи следење на патот на документите, статусот на реализација на работните задачи, како и реализацијата на планираните проекти. За целосна имплементација на овој систем е потребно административните процеси и работните процедури да бидат јасно дефинирани според применетиот систем за квалитет ISO 9001:2008.
Во иднина се планира целосна интеграција на работата на советот со работата на општинската администарција т.е надградба на погоре споменатиот систем со модул кој ќе ја опфати работата на советот.

*г. Географски информациски систем*

Географскиот информациски систем (ГИС) е една од главните алатки за работа на секторот/одделението за урбанизам во општината. ГИС претставува систем којшто се користи за внесување, интегрирање, зачувување, анализа, управување и споделување податоци поврзани со локации во просторот.
Општината размислува и за заедничка имплементација на ГИС со некоја од поголемите општини и делење на заеднички ресурси, како и услуги преку интернет за граѓаните.
Во следниот период потребно е да се направи детална анализа и да се идентификуваат ставките кои се неопходни за имплементитање и функционирање на ГИС и негово оптимално искористување, со цел да се обезбедат детални податоци како за корисниците (граѓаните и компаниите), така и за самата општина. Треба да се издвојат човечки ресурси кои континуирано ќе внесувват податоци и ќе го надградуваат ГИС системот.
Според мерката од Националната стратегија за развој на следна генерација широкопојасен интернет, општината треба да потпише меморандум за соработка со Агенцијата за електронски комуникации за редовно доставување информации за ажурирање на електронскиот катастар (подземен и надземен).

8. Комуникации (инфраструктура)

Комуникациите, како во самата општина, така и кон надвор, се многу важен дел во секојдневната работа во општината. Многу често комуникациите се висока стапка во буџетот на општината. Затоа, стратешкото планирање на комуникациите може многу да придонесе за растоварување на буџетот и за ефикасна комуникација особено со дисперзираните општински канцеларии.

а. Интегрирање на гласовна и податочна мрежа (телефонија преку интернет- протокол - Voice over IP (ВоИП))

Ќе се истражи испалтливоста на интегрирање на гласовната и податочната мрежа (телефонија преку интернет- протокол - Voice over IP (ВоИП). Интегрирањето на гласовната и податочната мрежа ќе обезбеди намалување на трошоците, побрза и поефикасна размена на информации. Сепак, мора да се земе предвид безбедносниот аспект на овој начин на интегрирање на

гласовната и податочната мрежа, ккао и тоа дали постои мрежна инфраструктура којашто може да го овозможи воведувањето на ВоИП.

*б. Видеоконференции*

Ќе биде направена детална анализа за воведувањето видеоконференции во секојдневната работа. Видеоконференциите овозможуваат комуникација лице-во-лице, што особено ќе биде важно за комуникацијата со колегите од дисперзираните општински канцеларии како и со граѓаните, особено со оние кои живеат во оддалечените места.

**9. Комуникации (пристап)**

Комуникацијата меѓу вработените во самата општина мора да биде ефикасна и навремена. Исто така, мора да се внимава на намалување на трошоците што отпаѓаат на оваа ставка. Со оглед на тоа што ИКТ се повеќе навлегува во сите сфери во работењето на општината, треба да се направи сеопфатна анализа во која комуникациите ќе бидат разгледани од повеќе аспекти, од аспект на трошоци за комуникациски услуги, од аспект на трошоци за одржување на опрема и од аспект на унапредување и надградба на системот.

*а. Канцеларии*

Вработените во канцелариите треба да бидат во секојдневна комуникација. Мора да се избере најефикасниот начин за комуникација којшто ќе биде најисплатлив (традиционален систем за комуникации или напреден систем за комуникација преку интернет-протокол).

*б. Едношалтерски систем*

Вработените во предната канцеларија (на шалтерите), кои ја претставуваат општината пред корисниците, мора да бидат во постојана комуникација со вработените во канцелариите коишто ги обработуваат податоците и ги обезбедуваат неопходните информации. Со цел успешно да функционира едношалтерскиот систем, комуникацијата треба да биде беспрекорна.

*в. Работа од далечина*

Ако вработените не се на своето работно место, тоа не значи дека тие не можат да имаат пристап до своите компјутери за да добијат информации и податоци. Треба да се направи сеопфатна анализа за добрите и лошите страни на воведувањето работа од далечина во општината, со особено внимание на безбедносниот аспект, и да се донесе заклучок дали работата од далечина ќе може да се примени во општината. Истото важи и за овозможувањето на пристап за софтверските компании кои се техничка поддршка за софтверите кои ги поседува општината. Понекогаш ова е најбрзиот начин за реагирање врз основа на настанат инцидент или проблем.

## 10. Ресурси

**а. Вештини**

Треба да се изврши процена дали ИКТ-вештините со кои располагаат вработените се доволни за ефикасно работење. Доколку се процени дека некои од вработените не располагаат со основните ИКТ-вештини, потребно е да се организира обука со цел целосно искористување на нивниот работен капацитет.

**б. Обуки**

Со оглед на фактот што постојано се воведуваат нови софтверски апликации, потребна е континуирана обука на персоналот за нивно ефикасно користење. При обуките мошне е важно да се размисли за примена на моделот „обука за обучувачи", т.е. да се обучат неколку главни корисници кои потоа ќе го пренесат своето знаење на останатите вработени. На тој начин се врши заштеда на средства, а обуките ќе бидат приспособени според потребите на вработените.

***в. Набавки/тендери***

При набавка на нова опрема, општината мора да го почитува Законот за јавни набавки. Затоа е неопходно годишно планирање на активностите и врз основа на дефинираните активности да се планира и соодветна набавка на хардвер и софтвер. Многу е битно при подготовката на тендерските документации да се изготват квалитетни и детални технички спецификации кои ќе бидат јасни, недвосмислени, во кои ќе бидат дефинирани минимални услови за елиминирање и, се разбира, внимателно подготвени договори кои опфаќаат и ниво на испорачана услуга.

Општината, според законските прописи, од 2010 година ќе почне да го користи електронскиот систем за јавни набавки од Бирото за јавни набавки.

Доколку целокупната набавка е неделива, тогаш задолжително ќе биде доставена понуда за секоја ставка наведена во набавката. При секоја набавка потребно е да се направи добра проценка кои ставки да бидат деливи, а кои не, со што би се избегнала можноста фирмите-понудувачи да понудат превисоки цени за одредени ставки. Добра практика е да се побара од фирмите-понудувачи доказ дека се овластени застапници за опремата што ја нудат.

***г. Идни набавки на компјутери и хардевер***

Во наредниот период се планира набавка на хардвер за замена на постојниот кој е стар и дотраен. Предвиденото времетраење на користење на еден компјутер е 5 години, а по тој период тој сметководствено добива вредност 0. Иако не сите компјутери кои се постари од 5 години се расипани и треба да се исфрлат од употреба, стратешки се планира нивна замена со нови, при што приоритет имаат серверите како носители на целокупната работа на општината.

***д . Набавки на софтвер***

Софтверот е исто така многу важен дел од набавката на компјутерската опрема. Со набавка на компјутерска конфигурација ќе се дефинира и минимумот на софтвер кој ќе се набави со неа (на пример, со набавка на нов компјутер, тој да се набави со оперативен систем). На тој начин се решава проблемот со користење на нелиценциран софтвер. Доколку се набавува само софтвер, исто така важи Законот за јавни набавки и повторно е потребно изготвување на добра техничка спецификација. Притоа треба да се напомене дека се работи за владина институција и владин модел за лиценцирање кој е значително поевтин од комерцијалниот. Доколку се работи за набавка на специјализиран софтвер, потребно е да се земат предвид препораките и меѓународните стандарди, со што би се избегнала можноста од набавка на софтвер за кој по одреден временски период нема да има техничка поддршка и сл. При набавката на специјализиран софтвер важно е да се земе предвид мапирањето на

административните процеси и работните процедури за да може да се изработи софтвер приспособен на потребите.

### *е. Заеднички набавки*

Со оглед на разликите помеѓу општините во големината и опременоста како со технологија, така и со кадар, потребно е општината да размислува и на тема меѓуопштинска соработка, заедничка понуда на услуги и сл. Општините генерално користат ист специјализиран софтвер за различни намени од исти производители. Заедничкото дефинирање на потребите од софтвер, заедничката подготовка на техничка спецификација и заедничкиот настап за набавка може да помогне при набавка на квалитетен софтвер, кој би бил скап за секоја општина доколку го набавува посебно.

### *ж. Финансирање*

За реализација на какви било активности се потребни финансии. Треба да се проектира буџет за имплементација на планираните активности од областа на ИКТ. Изработката на локалната ИКТ стратегија ќе го олесни планирањето на средствата во иднина. Во програма за работа на општината ќе бидат планирани и активностите од областа на ИКТ и за реализирање на истите треба да бидат одобрени финансиски средства.

За да се постигне стабилна ИТ инфраструктура и средина, во која може проектите добро да се планираат и да се имплементираат, ИКТ трошоците треба да бидат јасно буџетирани во буџетот на општината. Јасен и прецизен ИКТ буџет, исто така, е добар сигнал за донаторите да одвојат средства за развој на ИТ во општината.

## 11. Информациска безбедност

Во наредниот период во целост ќе се имплементираат организациските и техничките мерки за заштита на личните податоци според правилникот на Дирекцијата за заштита на лични податоци (ДЗЛП). Бидејќи безбедноста на системот е силна колку најслабата алка во синџирот, со континуирана обука и информирање ќе се зголеми свеста за информациската сигурност кај вработените. Исто така ќе се изготват и соодветни интерни правилници за информациска безбедност. Воведувањето на 1SO 27001:2005 е приоритет во развојот на информатичката технологија и во зголемувањето на информациската безбедност.

Општината ќе подготви и ќе усвои документација за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци која треба да содржи:

- План за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- Акт за техничките и организациските мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци;
- Правила за определување на обврските и одговорностите на корисниците при користење на документите и ИКТ-опремата;
- Правила за пријавување, реакција и санирање на инциденти;

- Правила за начинот на правење сигурносна копија, архивирање и чување, како и за повторно враќање на зачуваните лични податоци;
- Правила за начинот на уништување на документите, како и за начинот на уништување, бришење и чистење на медиумите.

Временската рамка и динамиката на имплементирање на документацијата за технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци е дадена во Акцискиот план.

## 12. АКЦИСКИ ПЛАН

### за реализација на Локалната ИКТ Стратегија наОпштина Крива Паланка

### Примена на географски информатички систем во општина Крива Паланка

| | |
|---|---|
| Име на проектот | Примена на ГИС во општина Крива Паланка |
| Област | Зголемување на квалитетот на услугите |
| Носител на проектот | Општина Крива Паланка |
| Краток опис на проектот | ГИС системот претставува компјутерски базиран систем на просторни податоци кои се претставени во вид на планови, карти, табели и 3 димензионални прикази и служи за собирање, визуелизација, проверка, потврда, чување, манипулација, обработка, интегрирање и анализирање на просторните податоци и добивање резултати од истите. Тој претставува алатка за моделирање и анализирање на комплексните проблеми од секојдневниот живот. Од аспект на локалната самоуправа, ГИС системот е матица на сите информации што треба да се поседуваат во еден современ град или општина и да бидат ефикасно управувани. Дополнителна корист од воспоставувањето на ГИС системот е неговото несомнено влијание врз зголемување на електронската размена на податоци меѓу вработените во општинската администрација. |
| Очекувани резултати | - Брз пристап до урбанистичките податоци<br>- Побрза изработка на урбанистичките планови<br>- Поквалитетни урбанистички решенија<br>- Изработена интранет веб-апликација за пристап до податоците за неограничен број корисници<br>- Брзо ажурирање на податоци од различни области<br>- Зголемена ефикасност на администрацијата |
| Фази на спроведување | - Анализа на постоечките податоци<br>- Набавка на ГИС софтвер<br>- Обука<br>- Системско внесување на податоци<br>- Дефинирање на процедури за користење на системот |
| Предуслови | Стручни кадри, квалитетна обука и техничка поддршка |
| Време на спроведување | 2011-2015 |
| Финансиска проекција | 2.000.000 денари |
| Финансиски извори | Донација и Буџет на Општина Крива Паланка |
| Ризици | Недостиг од ажурирани просторни податоци за територијата на Крива Паланка (посебно за подземниот катастар), недостиг на соработка меѓу институциите, долго време на спроведување, сложеност на проектот. |

**Е-даноци**

| | |
|---|---|
| Име на проектот | Е-Даноци |
| Област | Администарција на локални даноци, е-услуги |
| Носител на проектот | Општина Крива Паланка |
| Краток опис на проектот | Приказ на податоци за тековна состојба во поглед на локалните даноци на граѓаните и на фирмите преку веб локација, дел од официјалниот портал на Општина Крива Паланка.<br>Пристапот се прави преку веб сервис и репликациона база на податоци за даноците. На граѓаните и фирмите ќе им бидат доделени кориснички налози со име и лозинка. |
| Очекувани резултати | - Подобри услуги за граѓаните<br>- Намалување на времето за добивање на информации |
| Фази на имплементација | - Изработка на веб сервис<br>- Поврзување на веб сервисот со официјалниот портал на општина Крива Паланка<br>- Обука на администрацијата |
| Предуслови | Развиена ИКТ инфраструктура , одличен пристап до интернет |
| Време на спроведување | 2011 |
| Финансиска проекција | 60.000 |
| Финансиски извори | Буџет на Општина Крива Паланка |
| Ризици | Безбедност на локалната компјутерска мрежа поради пристапот од надвор. |

**Имплементација на организациските и техничките мерки за заштита на личните податоци според правилникот на ДЗЛП**

| | |
|---|---|
| Име на проектот | *Имплементација на организациските и техничките мерки за заштита на личните податоци според правилникот на ДЗЛП* |
| Област | Информациска безбедност |
| Носител на проектот | Општина Крива Паланка |
| Краток опис на проектот | Проектот ќе опфати целосна имплементација на организациските и техничките мерки за заштита на личните податоци според правилникот на ДЗЛП. Со континуирана обука и информирање ќе се зголеми свеста за информациската сигурност кај вработените. Општината ќе подготви и усвои документација за технички и организациски мерки и ќе ги имплементира техничките и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци . |
| Очекувани резултати | - Целосна имплемента. на организациските и техничките мерки<br>- Зголемена безбедност на информацискиот систем<br>- Заштитени лични податоци |

| | |
|---|---|
| Фази на имплементација | - Подготовка и усвојување на документација<br>- Имплементација на организациските и техничките мерки<br>- Обука на вработените |
| Предуслови | Развиена ИКТ инфраструктура |
| Време на спроведување | 2011 -2015 |
| Финансиска проекција | 300.000 денари |
| Финансиски извори | Буџет на Општина Крива Паланка |
| Ризици | Организациски, технички , ниско ниво на свест за значењето на информациската безбедност. |

## Обуки на администрацијата и населението

| | |
|---|---|
| Име на проектот | Обуки на населението и на администарцијата |
| Област | Зголемување на квалитетот на услугите |
| Носител на проектот | Општина Крива Паланка |
| Краток опис на проектот | Со оглед на фактот што постојано се воведуваат нови софтверски апликации, потребна е континуирана обука на вработените за нивно ефикасно користење. Исто така за да можат граѓаните ефикасно да ги користат е-услугите кои ги нуди општината потребна е поширока јавна презентација како и континуирана обука на населението кој ќе ги вклучи основните ИКТ вештини и користењето на веб порталот на општината за добивање на електронски услуги. |
| Очекувани резултати | - Зголемена ефикасност<br>- Зголемен квалитет на услугите |
| Фази на имплементација | - Промовирање на е-услугите на општината<br>- Проценка на потрбите за организирање на обуки<br>- Континуирана обука  на вработените и на граѓаните |
| Предуслови | Подготвеност за прифаќање на нови софтверски решенија од старна на вработените, подготвеност за користење на електронски услуги од страна ана граѓаните. |
| Време на спроведување | 2011-2015 |
| Финансиска проекција | 750.000 денари |
| Финансиски извори | Буџет на Општина Крива Паланка |
| Ризици | Отсуство на центри за специјализирани обуки во општината, недоверба во квалитетот на електронските услуги. |

## Е-Билтен

| | |
|---|---|
| Име на проектот | Е-билтен |
| Област | Комуникација и транспарентност |

| | |
|---|---|
| Носител на проектот | Општина Крива Паланка |
| Краток опис на проектот | Во насока на зголемување на транспарентноста на Општината и подобрување на комуникацијата со граѓаните Општината ќе започне со издавање на дневен е-билтен за граѓаните, кој ќе содржи информации за дневното работење на општината.<br><br>Е-билтенот ќе биде достапен на веб старната на општината, а ќе биде доставен во вид на е-маил порака до сите зинтересирана граѓани. |
| Очекувани резултати | - Зголемена транспарентност<br>- Зголемена доверба на граѓаните |
| Фази на имплементација | - Обука на лицето задолжено за односи со јавност<br>- Утврдување на процедура за доставување на информации<br>- Изработка на е-билтен<br>- Промоција |
| Предуслови | Добра комуникација и редовно доставување на информации до лицето задолжено за изработка на е-билтенот |
| Време на спроведување | 2011-2015 |
| Финансиска проекција | 100.000 денари |
| Финансиски извори | Буџет на Општина Крива Паланка |
| Ризици | Непочитување на утврдената процедура за доставување на информации |

**Електронско одвивање на седниците на Советот на Општина Крива Паланка**

| | |
|---|---|
| Име на проектот | Електронско одвивање на седниците на Советот на Општина Крива Паланка |
| Област | Отвореност и ефикасност, зголемување на квалитетот на услугите |
| Носител на проектот | Општина Крива Паланка |
| Краток опис на проектот | При секоја седница на Совет, подготовката на материјал за седница и неговата достава до советниците и администрацијата преставува огромна загуба на време и финансии. Целиот материјал е во хартиена форма и се доставува лично до секој советник, со што трошоците за копирање и доставување се големи.<br>Општинската администрација задолжена за подготовка на материјалот за седниците губи премногу време во подготовка на истиот и при евентуална промена на дневниот ред или некое надополнување повторно новиот материјал се копира и се доставува до советниците. Моделот на припрема на материјал за седниците и одржувањето на седниците е застарен и има потреба од надоградба со користење на современи ИКТ решенија.<br>Електронското одвивање на седниците на Советот на Општина Крива Паланка ќе овозможи подготовка и водење на седниците на Советот, пристап до сите тековни и архивирани материјали (одлуки, решенија, записници, службени гласници) и целокупната законска рамка која постои на располагање во електронски облик. |

| | |
|---|---|
| Очекувани резултати | - Намалување на трошоците за подготовка на материјали<br>- Намалување на времето за подготовка на материјали |

| | |
|---|---|
| | - Намалување на трошоците за достава на материјал<br>- Материјалот за седница достапен постојано<br>- Подобра ефикасност на Советот и администрацијата |
| Фази на спроведување | - Подготовка на техничка документација и услови за спроведување<br>- Техничка фаза<br>- Обука на членовите на Советот |
| Предуслови | Потребен е висок степен на спроведување на ИКТ во рамките на администрацијата , како и просторни услови |
| Време на спроведување | 2013-2015 |
| Финансиска проекција | 3.500.000 денари |
| Финансиски извори | Донација и Буџет на Општина Крива Паланка |
| Ризици | Политичка волја, техничка инфраструктура, опрема и соодветно ниво на е-писменост. |

**Дисперзирана општинска канцеларија**

| | |
|---|---|
| Име на проектот | Дисперзирана општинска канцеларија |
| Област | Зголемување на квалитетот на услугите |
| Носител на проектот | Општина Крива Паланка |
| Краток опис на проектот | Проблемот може да се подели на два дела: прво – граѓаните кои живеат надвор од градските средини немаат исто ниво на достапност до услугите на општината и второ – за да ги добијат тие услуги, тоа им ги зголемува трошоците и го зголемува потребното време за завршување на работата, бидејќи мораат да допатуваат во седиштето на општината. Суштината на практиката е: „наместо граѓаните во општината, општината кај граѓаните”.<br>Со помош на информатичко – комуникациската технологија (ИКТ), канцеларијата ќе биде дел од општинскиот информатички систем. На тој начин локално ќе се овозможат сите услуги, кои можат да се реализираат по електронски пат. Во неа ќе биде овозможен и слободен пристап до интернет за локалното население.<br>Проектот е наменета на широка целна група – граѓаните и локалната бизнис-заедница. |
| Очекувани резултати | Подобри услуги за граѓаните<br>Зголемена доверба на релација локална власт –граѓани<br>Навремена наплата на обврските кои ги имаат локалните граѓани кон општината<br>Намалување на трошоците на граѓаните за добивање на услуги |
| Фази на имплементација | Подготовка на техничка документација и услови за имплементација<br>Имплементација на системот на техничко ниво<br>Обука на администрацијата |
| Предуслови | Просторија, ИКТ инфраструктура |
| Време на спроведување | 2013-2015 |
| Финансиска проекција | 500.000 денари |
| Финансиски извори | Донација и Буџет на Општина Крива Паланка |
| Ризици | Техничка инфраструктура, опрема, прифатеност од локалното население. |

**Е-Дневник**

| | |
|---|---|
| Име на проектот | Е-Дневник |
| Област | Образование, е-услуги |
| Носител на проектот | Општина Крива Паланка |
| Краток опис на проектот | Проектот ќе им овозможи на родителите да го следат образованието на своите деца на интернет. Ним ќе им бидат достапни оценките, поведението и изостаноците на децата и други информации за нивното секојдневие во училиштата. Електронскиот дневник ќе биде поставен како е линк на веб-страната на Општина Крива Паланка и родителите со сопствена лозинка ќе пристапуваат до информациите за своето дете. |
| Очекувани резултати | - Спроведен функционален систем за следење на учениците од страна на нивните родители. |
| Фази на имплементација | - Обезбедување на услови за спроведување на проектот<br>- Изработка на апликација<br>- Поврзување на апликацијата со официјалниот портал на општина Крива Паланка<br>- - Обука за администратори и наставен кадар |
| Предуслови | Развиена ИКТ инфраструктура во училиштата |
| Време на спроведување | 2012 |
| Финансиска проекција | 150.000 денари |
| Финансиски извори | Буџет на Општина Крива Паланка |
| Ризици | Недоволно познавање на ИКТ кај наставниот кадар, потребно време за воведување на нова технологија во училиштата. |

**Мапирање на административните процедури и работните процеси**

| | |
|---|---|
| Име на проектот | Мапирање на административните процедури и работните процеси |
| Област | Зголемување на квалитетот на услугите |
| Носител на проектот | Општина Крива Паланка |
| Краток опис на проектот | Административните процеси и работните процедури мора да бидат јасно дефинирани и да постојат запишани на хартија и одобрени од раководните структури. Ова ќе помогне при дефинирањето на софтверот за управување со документи и работни процеси. За таа цел ќе биде направено мапирање на административните процеси и процедури со примена на систем за квалитет за унифицирани правила за работење и на услугите на јавната администрација 1SO 9001:2008. |
| Очекувани резултати | - Јасно дефинирани администартивни процедури и работни процеси<br>- Зголемена ефикасност<br>- Зголемен квалитет на услугите |
| Фази на имплементација | - Мапирање на администа. процедури и работните процеси<br>- Подготовка и усвојување на документација |

| | |
|---|---|
| | - Обука на вработените |
| Предуслови | Подготвеност за воведување на системот за квалитет |
| Време на спроведување | 2013-2015 |
| Финансиска проекција | 1.250.000 денари |
| Финансиски извори | Донација и Буџет на Општина Крива Паланка |
| Ризици | Организациски, ниско ниво на свест за значењето на стандардизацијата на административните процедури и работните процеси |

**Имплементација на систем за управување со документи**

| | |
|---|---|
| Име на проектот | Имплементација на систем за управување со документи |
| Област | Ефикасност, зголемување на квалитетот на услугите |
| Носител на проектот | Општина Крива Паланка |
| Краток опис на проектот | Главната цел на проектот е воспоставување на интегриран е- систем за управување со документи кој треба да и овозможи на Општината да ги автоматизира работните процеси и да овозможи следење на текот на документација во процесот на нејзино донесување и одобрување. Документите кои ќе бидат креирани во самата институција исклучиво ќе бидат електронски и со примена на електронски потпис, што ќе го поседуваат државните службеници , ќе се проследуваат до соодветните надлежни лица. |
| Очекувани резултати | - Целосна евиденција на предметите, отстранување на тесните грла (губење на текот на документите)<br>- Намалување на времето и трошоците за работа<br>- Зголемена ефикасност<br>- Зголемен квалитет на услугите |
| Фази на имплементација | - Анализа на администартивните процедури и утврдување на динамиката на нивна автоматизација<br>- Имплементација на софтверско решение<br>- Обука на вработените |
| Предуслови | Јасно дефинирани администартивни процедури и работни процеси |
| Време на спроведување | 2012-2015 |
| Финансиска проекција | 1.000.000 денари |
| Финансиски извори | Донација и Буџет на Општина Крива Паланка |
| Ризици | Организациски |

Бр. 07-4545/13
24.12.2010год.
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
Претседател,
Миле Милковски,с.р.

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Локална ИКТ стратегија на Општина Крива Паланка

1. Се прогласува Локална ИКТ стратегија на Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.

2. Локална ИКТ стратегија на Општина Крива Паланка да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4545/14**
**27.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 14, точка 11, од Статутот на Општина Крива Паланка (Сл.гласник на Општина Крива Паланка бр.7/06) , Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 24.12.2010 година, донесе

## ПРОГРАМА
## За активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2011 година

### I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

-Обезбедување активен однос на Советот на Општина Крива Паланка кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованиeто,

-Изнаоѓање форми за ефикасно и економично одвивање на образовниот процес,

-Планирање на развојот на образованието,

-Подобрување на условите за обавување на образовниот процес,

-Создавање услови за развој на високото образование.

### II.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Крива Паланка во областа на образованието во 2011 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

- Подигање на образовното ниво на младите и возрасните кои се надвор од образовниот систем и зајакнување на нивните стручни и социјални компетенции.

-Елиминирање на можноста од создавање на нови генерации на образовно-хендикипирани лица.

-Зголемување на можностите за отварање на високо-образовни институции

-Создавање услови за поефикасно и поекономично одвивање на економскиот процес со реализирање на наредните фази на образование.

III.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на образованието утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средства на Министерство за образование и наука, од сопствени приходи на училиштата, од донации и од Буџетот на Општина Крива Паланка за 2011 година.

При реализирање на Програмата, Советот на Општина Крива Паланка ќе ги поддржи институциите и здруженијата на граѓани кои ќе реализираат проекти од областа на образованието финансирани од други инвеститори-заентересирани партнери, фондации, бизнис сектор и др.

IV.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми на активности со кои ќе се помага образованието се:

-обезбедување стручна, техничка и друг вид поддршка со кадри и опрема со која располага општината,

-создавање услови за воведување нови образовни профили во образовниот процес,

-создавање услови за отварање високо-образовни институции,

-зголемување на можностите за професионална ориентација,

-истражување поврзани со пороците на денешнината (дрога, алкохол и сл) и застапеноста меѓу учениците,

-анализа на податоците на ученици кои завршиле основно образование за задолжителноста за упис во средно образование.

V.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.07-4545/15** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**24.12.2010 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Рrограмата за активности на Општина Крива Паланка во областа на образованието за 2011 година

1. Се прогласува Рrограмата за активности на Општината Крива Паланка во областа на образованието за 2011 година, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.

2. Програмата да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4545/16**
**27.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 22, став 1, точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02 ) и член 14, точка 11, од Статутот на Општина Крива Паланка, (Сл.гласник на Општина Крива Паланка 7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седница одржана на ден 24.12.2010 година донесе

# П Р О Г Р А М А
## За активностите на Општина Крива Паланка во областа на спорт и млади за 2011 година

### I.ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Крива Паланка во областа на спорт и млади во 2011 година се:

-Учество на општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот во градот.

-Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на граѓаните, особено младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот.

-Афирмација на Општина Крива Паланка во која особено внимание се посветува на создавањето услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности.

### II.АКТИВНОСТИ

При креирање на Програмата активностите ќе се насочуваат кон сочувување на континуитетот на традиционалните спортски манифестации, развивање на масовниот спорт, подржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати како и подршка на спортови кои се во подем.

### III. ФИНАНСИРАЊЕ

Финансирањето на активностите утврдени со оваа програма е од Буџетот на Општина Крива Паланка, Агенцијата за млади и спорт, спонзорства, донации и спортски сојузи.

За активностите од областите што ги опфаќа оваа Програма, а кои со својата актуелност и интерес ќе се појават во текот на 2011 година ќе бидат ангажирани дополнителни средства од Буџетот на Општина Крива Паланка.

### IV.ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ

Освен со финансиски средства Општина Крива Паланка спортските манифестации ќе ги помага и со:

-доделување награди и признанија;

-обезбедување стручна, техничка и други видови помош.

На младите ќе им помага преку:

-организирање трибини, форуми, дебати на теми што се од нивен интерес,

-организирање кампањи за здрав начин на живо.

V.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Ова Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.07-4545/17** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**24.12.2010 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Рrограмата за активности на Општина Крива Паланка во областа на спорт и млади за 2011 година

1. Се прогласува Рrограмата за активности на Општината Крива Паланка во областа на спорт и млади за 2011 година, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.

2. Програмата да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4545/18** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.12.2010 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 22, став 1 , точка 5 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 7 точка 3 од Законот за култура пречистен текст (Сл.весник на РМ бр.66/03) и член 14, точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка (Сл. гласник на Општина Крива Паланка бр.7/06) , Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 24.12.2010 година ја донесе следната

## П Р О Г Р А М А
## За активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата во 2011 година

I.ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

-Обезбедување на активен однос на Општина Крива Паланка кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на културата;

-Сочувување и афирмирање на материјалното и духовното културно наследство на Крива Паланка,

-Сочувување и афирмирање на културниот идентитет на Општина Крива Паланка,

-Создавање услови за развој на културата,

-Воведување нови форми на културно изразување.

II.АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Крива Паланка во областа на културата ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма и тоа:

-Сочувување на континуитетот на одржување на традиционални културно-уметнички манифестации;

-Реализирање на манифестации, програми и проекти кои и даваат посебно обележје на Општина Крива Паланка;

-Создавање услови за гостување на еминентни уметници од Република Македонија и странство во Општина Крива Паланка;

-Унапредување на меѓународна културна комуникација врз реципрочна основа со збратимени градови на Општина Крива Паланка

-Остварување на продуктивна соработка со меѓународни асоцијации, организации и фондации кои го помагаат развојот на културата во локалните заедници,

-Мотивирање за активно учество на локалните културни установи во реализирање на Програмата.

III.ФИНАНСИРАЊЕ

Активностите од областа на културата утврдени со оваа Програма ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Крива Паланка предвидени за 2011 година , средства од Буџетот на Република Македонија, спонзорства и донации.

При реализација на Програмата, Советот на Општина Крива Паланка ќе ги подржи организаторите на манифестациите и реализаторите на проектите за обезбедување на финансиски средства и друга помош од :

-Министерство за култура на Република Македонија;

-Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;

-Заинтересирани партнери за соработка во земјата и странство;

-Други извори.

IV.РАСПОРЕДУВАЊЕ НА БУЏЕТСКИ СРЕДСТВА

Содржините предвидени со оваа програма се финансираат со посебни ставки во Буџетот на општината.

По потреба програмата ќе се дополнува со активности за кои ќе се утврди дека се во согласност со целите на Програмата.

V. МАНИФЕСТАЦИИ ПОДРЖУВАНИ СО
ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

ДЕН НА ОПШТИНАТА

За 8-ми Октомври, Денот на Општина Крива Паланка се подготвува специјална програма проследена со содржини од областа на спортот, културата, свечена седница на Советот на Општина Крива Паланка и оддавање почит на значајни личности, настани и борци учесници во ослободувањето на градот и доделување на 8-мо октомвриска награда.

VI.ДРУГИ ФОРМИ НА АКТИВНОСТИ

Други форми и активности со кои ќе се помагаат културни манифестации, приредби и проекти се следните:

-обезбедување стручна, техничка и друга подршка со кадар и опрема со која располага општината,

-обезбедување сместувачки услуги за учесниците на одделени манифестации,

Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Крива Паланка.

VII.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.07-4545/19**
**24.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

### За прогласување на Рпрограмата за активности на Општина Крива Паланка во областа на културата за 2011 година

1. Се прогласува Рпрограмата за активности на Општината Крива Паланка во областа на културата за 2011 година, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.
2. Програмата да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4545/20**
**27.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 36, став1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 28 став 1 од Законот за финансирање на Единиците на локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.61/2004, 96/2004 и 67/2007), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 24.12.2010 година, донесе

## Б У Џ Е Т

### На Општина Крива Паланка за 2011 година

**1 Општ дел**

**Член 1**

Во Буџетот на Единицата на локална самоуправа Крива Паланка за 2011 година се состои од:

| | |
|---|---|
| **I. Вкупни приходи:** | **328.305.388** |
| - даночни приходи | 30.615.000 |
| - неданочни приходи | 7.580.000 |
| - капитални приходи | 3.730.000 |
| - приходи од дотации | 141.667.840 |
| - трансфери | 143.629.935 |
| - приходи од донации | 1.082.613 |
| **II. Вкупни расходи:** | **328.245.388** |
| - утврдени намени | 327.645.388 |
| - резерви | 600.000 |
| **III. Д е ф и ц и т** | -10.000.000 |
| **Прилив** | 0 |
| - Домашни приливи | 0 |
| - Приливи од странски заем | 0 |
| **Одлив** | 10.000.000 |
| Отплата на главница | 10.000.000 |

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општината Крива Паланка“.

**Бр.07- 4106/21**
**24.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

-------------------------------

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2011 година

1. Се прогласува Буџетот на Општина Крива Паланка за 2011 година, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.

2. Буџетот да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4545/22**
**27.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/2002), член 23 став 5 од Законот за финансирање на Единиците на локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 61/2004, 96/2004, 67/07 и 156/09) и член 14 од Статутот на Општината Крива Паланка- пречистен текст („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.8/2010), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 24.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## За извршување на Буџетот на Општината Крива Палнака за 2011 година

### Член 1

Буџетот на Општината Крива Паланка за 2011 година (во понатамошниот текст Буџетот), се извршува според одредбите на оваа Одлука.

### Член 2

Буџетот на Општината се состои од: Основен буџет, Буџет на самофинансирачки активности, Буџет на донаци, Буџет на дотации.

### Член 3

Корисниците на средствата на Буџетот се должни утврдените средства во Буџетот да ги користат наменски, рационално и економично.

### Член 4

Расходите утврдени со буџетот се максимални износи над кои буџетските корисници не можат да преземаат обврски.

За да се преземат нови обврски до Советот на Општината мора да се предложи нов извор на средства или да се предложи намалување на другите расходи во сразмерен износ.

### Член 5

Градоначалникот на Општината ја следи реализацијата на Планот на приходите и другите приливи на основниот буџет на Општината и доколку оцени дека се неопходни позначајни прераспределби на одобрените средства со Буџетот или дека реализацијата на приходите и другите приливи значително отстапуваат од Планот, му предлага на Советот на Општината изменување и дополнување на Буџетот.

### Член 6

Пренамената во рамките на одобрените буџети на буџетските корисници ја одобрува Советот на Општината.

Во рамките на расходите утврдени во Буџетот на буџетскиот корисник, корисникот може да врши прераспределба меѓу расходните ставки, програми и потпрограми по претходно одобрување од Советот на Општината.

По исклучок буџетскиот корисник неможе да врши пренамени на Буџетот со кој се зголемува Буџетот одобрен за плати и надоместоци и се намалуваат одобрените средства за одредени капитални програми.

**Член 7**

Буџетските корисници, во услови кога во буџетот на самофинансирачки активности; буџетот на донации и или буџетот на дотации, планираните приходи и други приливи не се реализираат односно се реализираат над планираниот износ, доставуваат барање за намалување/зголемување на планот на приходите и другите приливи и планот на одобрените средства во овие буџети, кои градоначалникот ги доставува до Советот на Општината на одобрување.

**Член 8**

Буџетските корисници по усвојувањето на Буџетот изготвуваат годишен финансиски план на квартали за користење на одобрените средства. Користењето на средствата во даден квартал буџетскиот корисник го извршува врз основа на финансискиот план по месеци.

**Член 9**

Исплатата на платите на вработените и на сите буџетски корисници ја контролира и одобрува Градоначалникот на Општината, а ќе се реализира во рамките на обезбедените средства во буџетот преку исплата на бруто плати за вработените и избраните и именуваните лица.

Појдовната основа за исплата на плата на избраните и именуваните лица за коефициент 1 се зема просечно исплатената месечна нето плата по вработен во Републиката за претходната година.

За вработените во Општинската администрација кои имаат статус на државни службеници, вредноста на бодот за исплата на платата е 73,85 денари -бруто, и ќе биде во рамките на висината и времето на важење на вредноста на бодот што ќе ја определи Владата на Република Македонија за државни службеници во Органите на државната управа.

Вредноста на бодот за вработените кои немаат статус на државни службеници е определена според Правилникот за исплата на плата на недржавни службеници во висина од 17,50 денари – бруто и ќе ги прати промените со исплата на плати на државните службеници.

Месечниот надоместок за присуство на седница на Советот ќе се исплатува 50% од просечната месечна нето плата во Републиката исплатена за претходната година.

**Член 10**

Исплатата на платите во локалните јавни установи ја контролира и ја одобрува Министерството за финансии. Општината е должна 2 (два) дена пред исплатата на плати до Министерството за финансии да достави Барање за одобрување на средства за плати со приложување на обрасците ПДД – МП и МП – 1, копие од Рекапитулација за пресметани плати, образец Ф – 1 за број на вработени по име и презиме, плата како и други податоци во пишана и електронска верзија за односниот месец за кои се однесува исплатата и образецот 6.

**Член 11**

Надоместокот за дневница за службено патување во Републиката без трошоците за ноќевање изнесува 500,00 денари.

Доколку патувањето траело повеќе од 12 часа се исплатува цела дневница.

За патување во траење од 8 до 12 часа се исплатува 50% од утврдениот износ во ставот 1 од овој член.

Доколку на службеното патување на работникот му се обезбедени ноќевања и исхрана, надоместок се исплатува 20% од утврдениот износ од дневницата.

Во случај на боледување подолго од шест месеци и во случај на потешки последици од елементарни непогоди во смисла на Законот за заштита и спасување, и други случаи на работникот му се исплатува помош во висина од една последно исплатена просечна месечна плата во органот каде што е вработен.

Во случај на смрт на работникот на семејството му се исплатува паричен надоместок во висина од 2 (две) просечно месечни плати, а во случај на смрт на член на неговото семејство (брачен другар, деца и родители се исплатува 1 (една) просечна месечна плата.

Се исплатува опремнина при одење во пензија на работникот во висина од 2 (две) просечни месечни плати.

Во висина до 1 (една) просечна месечна плата се исплатува јубилејна награда.

На лица кои што обавуваат волонтерска работа за извршување на одделни работни задачи ќе им се исплатува надоместок во висина на важечките прописи.

**Член 12**

Користењето на средствата од буџетот на Општината за вршење на функциите на буџетските корисници се набавуваат со фактури во кои посебно се искажуваат расходите по поодделни ставки, почитувајќи ги одредбите од Законот за јавните набавки.

Набавката на стоки и вршењето на услуги може да се врши и со сметкопотврди во случај кога за расходите неможе да се издаде фактура и само во ограничени поединечни износи во противвредност од 100 ЕУР каде задолжително мора да биде приложена фискална сметка, при што расходите треба да бидат искажани по класификација на соодветниот расход.

**Член 13**

За средствата утврдени во Буџетот на Општината во рамките на резервите (постојана и тековна буџетска резерва), одлучува Градоначалнликот и Советот на Општината а ги извршува градоначалникот. За искористените средства градоначалникот е должен да поднесе годишен извештај за користењето на средствата од резервите.

**Член 14**

Средствата утврдени во Буџетот и распоредени во поодделните програми и потпрограми ги извршува градоначалникот на Општината.,

**Член 15**

Буџетските корисници можат да вработуваат нови работници и да пополнуваат испразнети работни места само под услов, ако за тоа се обезбедени средства во буџетот на Општината. За обезбедените средства градоначалникот на Општината дава писмено известување за обезбедените средства, по претходно дадено позитивно мислење од Агенцијата за државни службеници на актите за систематизација.

**Член 16**

Кога приходите што му припаѓаат на Буџетот се погрешно уплатени или се наплатени во износ поголем од утврдениот, погрешно или повеќе наплатениот износ се

враќа првенствено на товар на видот на приходите на кои се уплатени, а доколку такви приходи нема, тогаш на товар на другите приходи на Буџетот.

Повратот на погрешно, на повеќе уплатени, односно наплатени приходи се врши со решение на градоначалникот, освен во случаите каде надлежноста им припаѓа на други органи.

**Член 17**

Буџетот на Општината Крива Паланка се извршува од 01.01.2011 до 31.12.2011 година.

**Член 18**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“, а ќе се применува од 01 јануари 2011 година.

**Бр. 07-4545/23**
**24.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2011 година

1. Се прогласува Одлуката извршување на Буџетот на Општината Крива Паланка за 2011 година, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4545/24**
**27.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 162 од Законот за основно образование (Сл.весник на РМ бр.103/08) , член 22, став 1, точка 8 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02) и член 14, точка 11 од Статутот на Општина Крива Паланка (Сл.гласник на Општина Крива Паланка бр.7/06), Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 24.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## За распределба на средства од блок дотација за за 2011 година

Член 1

Блок дотацијата за основно образование за Општина Крива Паланка за 2011 година е 85. 399 000,00 денари.

Член 2

Овие средства се распределуваат на двете основни училишта “Илинден” и “Јоаким Крчовски” според одредени критериуми.

Член3

Основни критериуми за распределба се вкупен број на ученици во училиштата, број на ученици кои користат превоз, вкупен број на вработени и вкупна грејна површина на училишните објекти.

Член 4

Според критериумите за ОУ “Јоаким Крчовски” припаѓат 61,22% од блок дотацијата односно 52. 281 268,00 денари, а на ООУ “Илинден” 38,78% од блок дотацијата односно 33. 117 732,00 денари.

Член 5

Во процентот односно средствата на ОУ “Јоаким Крчовски” влегуват и средствата за ОУД “Боро Менков” во износ од 1. 050 000,00 денари.

Член 6

Распределбата на средства за ОУД “Боро Менков” е бидејки во домот престојуват ученици од основно образование кои учат во ОУ” Јоаким Крчовски”.

Член 7

За средното образование блок дотацијата изнесува 39.946 000,00 денари и целокупниот износ припаѓа на СОУ “Ѓорче Петров”.

Член 8

Блог дотацијата за социјална заштита изнесува 11.067.840,00 денари и целокупниот износ припаѓа на ОЈУДГ “Детелинка”.

Член 9

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.07-4545/25**
**24.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

# З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за распределба на средства од блок дотација за 2011 година**

1. Се прогласува Одлуката за распределба од блок дотација за 2011 година, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4545/26**
**27.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст („Службенгласник на Општина Крива Паланка“ бр. 08/10), а по барање на Манастирот „Св. Јоаким Осоговски“, Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 24.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## За ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување на Манастир „Св.Јоаким Осоговски“ и Црквата „Св.Димитрија“ – Крива Паланка

### Член 1

Со оваа Одлука се ослободуваат од плаќање на комунална такса за јавно осветлување Манастирот „Св.Јоаким Осоговски“ и Црквата „Св.Димитрија“ на следните електрични броила:

007990995, 007991832, 008085520, 007997136, 007997329, 007997140, 007994771, 007991710, 008029712 и 008085540.

### Член 2

Ослободувањето од обврската од член 1 ќе се применува од 01.01.2011 година, а ќе го спроведе ЕВН Македонија АД, Скопје – Кец Кратово.

### Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07 – 4545/27**
**24.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Odlukata za osloboduvawe od plaḱawe na komunalna taksa za javno osvetluvawe na manastir „Sv. Joakim Osogovski“ црквата „Св. Димитрија“ - Крива Паланка

1. Се прогласува Одлуката за ослободување од паќање на комунална такса за јавно осветлување на манастир „Св. Јоаким Осоговски“ и црквата „Св. Димитрија“ – Крива Паланка, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4545/28**
**27.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.24/09; бр.91/09 и бр.124/10) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на општина Крива Паланка“ бр.08/10), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на 24.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## За утврдување на Локална урбанистичка планска документација на к.п. бр.2474 во КО Мождивњак-општина Крива Паланка

Член 1

Со оваа Одлука се утврдува Локална урбанистичка планска документација на к.п. бр.2474 во КО Мождивњак во општината Крива паланка со следниот опфат:

-од исток граничи со к.п. бр.2691-локален пат;
-од запад граничи со к.п. бр. 2472; к.п.бр.2473 и к.п.бр.2462;
-од север граничи со к.п. бр.2687;
-од југ граничи со к.п. бр.2469-локален пат.

Член 2

Утврдената Локална урбанистичка планска документација се доставува до Градоначалникот на општината Крива Паланка заради донесување Одлука за организирање на Јавна презентација и Јавна анкета.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општината Крива Паланка“.

**Бр.07-4545/29**
**24.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за утврдување на Локална урбанистичка планска документација на к.п. бр. 2474 во КО Мождивњак-општина Крива Паланка

1. Се прогласува Одлуката за утврдување на Локална урбанистичка планска документација на к.п.бр. 2474 во КО Мождивњак – Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4545/30**
**27.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 50 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.24/2008) и член 25 и член 26 од Законот за изменување и дополнување на законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.91/2009) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на општина Крива Паланка“ бр.08/2010), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 24.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## За одобрување на Локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на к.п.3236/1 во КО Конопница

### Член 1

Се одобрува Локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамките на новоформираната градежна парцела формирана од к.п. бр.3236/1 во КО Конопница-општина Крива Паланка.

### Член 2

Граница на опфат на градежна парцела која се определува со Локална урбанистичка планска документација се следните:

-од североисток граничи со к.п.бр.3236/2;
-од југоисток граничи со к.п. бр.6549/2-локален пат;
-од северозапад граничи со к.п.бр. 3237;
-од југозапад граничи со к.п. бр.3236/3.

### Член 3

Површината на планскиот опфат на градежната парцела е 2515,оо м2.

### Член 4

Намена:-Основа класа на намена Г3-мало стопанство.

**Член 5**

Локалната урбанистичка планска документација со техн.бр.307/08/10 од август 2010 година е изработен од Друштво за планирање, проектирање и инженеринг „Тајфа-план“ од Скопје, со лиценца за изработка на урбанистички планови бр.0018.

**Член 6**

За Локалната урбанистичка планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање е направена стручна ревизија со техн.бр. 197/10 од август 2010 година од страна на „Билд“ДООЕЛ од Скопје со лиценца за изработка на урбанистички планови број 0014.

**Член 7**

Локаланта урбанистичка планска документација содржи:

-планиран развој-текстуален и графички приказ во размер 1:1000.

-Документациона основа со текстуален и графички приказ во размер 1:1000 и 1:2500.

**Член 8**

Локалната урбанистичка планска документација е изработена во пет примероци од кои еден примерок се чува во органот што го одобрил,еден примерок задржува барателот,еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам и еден примерок во Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 9**

Локалната урбанистичка планска документација ќе се применува по нејзиното одобрување и по извршеното картирање на хамер.

**Член 10**

Локалната урбанистичка планска документација со решение ја одобрува градоначалникот на општината на предлог на комисијата за мислење по нацрт плановите и за одобрување на локална урбанистичка планска документација формирана од градоначалникот на општината.

**Член 11**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крива Паланка.

**Бр.07-4545/31** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**24.12.2010 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

## За прогласување на Одлуката за утврдување на Локална урбанистичка планска документација на к.п. бр. 3236/1 во КО Конопница

1. Се прогласува Одлуката за утврдување на Локална урбанистичка планска документација на к.п.бр. 3236 во КО Конопница – Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4545/32**
**27.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 50 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.24/2008) и член 25 и член 26 од Законот за изменување и дополнување на законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.91/2009) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на општина Крива Паланка“ бр.08/2010), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 24.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## За одобрување на Локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на к.п.бр. 591 во КО Станци

### Член 1

Се одобрува Локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот во рамките на новоформираната градежна парцела формирана од дел од к.п. бр.591 во КО Станци-општина Крива Паланка.

### Член 2

Граница на опфат на градежна парцела која се определува со Локална урбанистичка планска документација се следните:

-од североисток со к.п. бр.2269;
-од југоисток со дел од к.п. бр. 591;
-од северозапад со дел од к.п. бр. 591;
-од југозапад со дел од к.п. бр.591.

### Член 3

Површината на планскиот опфат на градежната парцела е 193,оо м2.

### Член 4

Намена:-Основа класа на намена Е2-комунални инфраструктурни градби.

### Член 5

Локалната урбанистичка планска документација со техн.бр.7/10 од август 2010 година е изработен од Друштво за планирање,проектирање и инженеринг „Простор“ ДОО-Куманово, со лиценца за изработка на урбанистички планови бр.0006.

**Член 6**

За Локалната урбанистичка планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање е направена стручна ревизија со техн.бр. 19-/10 од август 2010 година од страна на Институтот за урбанизам,сообраќај и екологија „Ин-Пума“ од Скопје со лиценца за изработка на урбанистички планови број 0004.

**Член 7**

Локаланта урбанистичка планска документација содржи:

-планиран развој-текстуален и графички приказ во размер 1:1000.

-Документациона основа со текстуален и графички приказ во размер 1:1000 и 1:2500.

**Член 8**

Локалната урбанистичка планска документација е изработена во пет примероци од кои еден примерок се чува во органот што го одобрил,еден примерок задржува барателот,еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам и еден примерок во Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 9**

Локалната урбанистичка планска документација ќе се применува по нејзиното одобрување и по извршеното картирање на хамер.

**Член 10**

Локалната урбанистичка планска документација со решение ја одобрува градоначалникот на општината на предлог на комисијата за мислење по нацрт плановите и за одобрување на локална урбанистичка планска документација формирана од градоначалникот на општината.

**Член 11**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крива Паланка.

**Бр.07-4545/33** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**24.12.2010 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

---

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за одобрување на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на к.п. бр. 591 во КО Станци

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на локална урбанистичка планска документација за утврдување и користење на к.п.бр. 591 во КО Конопница Станци - Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4545/34**
**27.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 50 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.24/2008) и член 25 и член 26 од Законот за изменување и дополнување на законот за просторно и урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.91/2009) и член 14 од Статутот на општината Крива Паланка („Сл.гласник на општина Крива Паланка“ бр.08/2010), Советот на општината Крива Паланка на седницата одржана на ден 24.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## За одобрување на Локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот дел од к.п.бр. 2594 и дел од к.п.бр.4596 во КО Крива Паланка

### Член 1

Се одобрува Локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот дел од к.п.2594 и дел од к.п.4596 во КО Крива Паланка.

### Член 2

Граница на опфат на градежна парцела која се определува со Локална урбанистичка планска документација се следните:

-од североисток со к.п. бр.2595 и к.п.бр.2509;
-од југоисток со дел од к.п. бр. 2594 и дел од к.п.4596;
-од северозапад со дел од к.п. бр. 2594 и дел од к.п.4596;
-од југозапад со дел од к.п. бр.4596.

### Член 3

Површината на планскиот опфат на градежната парцела е 160,оо м2.

### Член 4

Намена:-Основа класа на намена Е2-комунални инфраструктурни градби.

### Член 5

Локалната урбанистичка планска документација со техн.бр.69/10 од август 2010 година е изработен од Друштво за планирање, проектирање и инженеринг „Простор“ ДОО-Куманово, со лиценца за изработка на урбанистички планови бр.0006.

### Член 6

За Локалната урбанистичка планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање е направена стручна ревизија со техн.бр. 193/10 од август 2010 година од страна на Институтот за урбанизам, сообраќај и екологија „Ин-Пума“ од Скопје со лиценца за изработка на урбанистички планови број 0004.

**Член 7**

Локаланта урбанистичка планска документација содржи:

-планиран развој-текстуален и графички приказ во размер 1:1000.

-Документациона основа со текстуален и графички приказ во размер 1:1000 и 1:2500.

**Член 8**

Локалната урбанистичка планска документација е изработена во пет примероци од кои еден примерок се чува во органот што го одобрил, еден примерок задржува барателот, еден примерок се доставува до Државниот инспекторат за градежништво и урбанизам и еден примерок во Агенцијата за катастар на недвижности.

**Член 9**

Локалната урбанистичка планска документација ќе се применува по нејзиното одобрување и по извршеното картирање на хамер.

**Член 10**

Локалната урбанистичка планска документација со решение ја одобрува градоначалникот на општината на предлог на комисијата за мислење по нацрт плановите и за одобрување на локална урбанистичка планска документација формирана од градоначалникот на општината.

**Член 11**

Оваа Одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општината Крива Паланка.

**Бр.07-4545/35**
**24.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

------------------------

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за одобрување на Локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот дел од к.п.бр. 2594 и дел од к.п.бр.4596 во КО Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката за одобрување на Локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот дел од к.п.бр. 2594 и дел од кп.бр. 4596 во КО Крива Паланка, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4545/36**
**27.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 10 и чл.36 ст.1 т. 15 од Законот за Локална Самоуправа ( Службен Весник на РМ бр.5/2002) член 14 став 1 точка 41 а во врска со член 81 став 1 точка 2 од Статутот на општина Крива Паланка ( Службен Гласник на општина Крива Паланка) а во врска со член 13 став 2и чл.14 од Законот за заштита и спасување (Службен весник на РМ бр.36/04, 49/04 и 86/08), чл.13 од Уредбата за начинот за ракувањето и употребата на планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на Република Македонија и за содржината, ракувањето и употребата на плановите за заштита и спасување на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва јавните претпријатија, установи и служби (Сл.Весник на РМ бр. 76/06), Советот на општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 24.12.2010 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**За усвојување на планот за заштита и спасување на општина Крива Паланка**

**Член 1**

Се усвојува Планот за заштита и спасување на општина Крива Паланка за спроведување на :

- Мерка прва медицинска помош,
- Мерка заштита и спасување од поплави,
- Мерка заштита и спасување од пожари,
- Мерка Радиолошка, Хемиска и Биолошка заштита,
- Мерка заштита и спасување од урнатини,
- Мерка засолнување на населението, матријалните и културните добра
- мерка згрижување на настраданото и загрозено население,
- Мерка заштита и спасување животни и производи од животинско потекло
- Мерка заштита и спасување растенија и производи од растително потекло

**Член 2**

Составен дел на оваа одлука се документите за спроведување на мерките наведени во член 1 од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на Општина Крива Паланка.

Бр. 07-4545/37
24.12.2010 год.
Крива Паланка

СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
Миле Милковски,с.р.

---------------------------

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**

**За прогласување на Одлуката за усвојување на Планот за заштита и**

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Планот за заштита и спасување на Општината Крива Паланка, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4545/38**
**27.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа чл.101 од Статутот на општината Крива Паланка – пречистен текст („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/2010), Претседателот на Советот на Општина Крива Паланка Миле Милковски до Советот на Општина Крива Паланка ја поднесува следната

# И н и ц и ј а т и в а
## за изменување и дополнување на Статутот

Согласно на чл.101 од Статутот на општина Крива Паланка Иницијатива за изменување и дополнување на Статутот на Општината може да поднесе член на Советот, комисија на Советот и други субјектипо која одлучува Советот.

Измената на Статутот на општина Крива Паланка има за цел да се изврши измена и дополнување на статуот во поглед на тоа да се обезбеди инклузија на сите граѓани во Форумите и една од поважните цели на Форумот – искористување на капацитетите на граѓаните во изработка на проектите со што ќе се обезбеди транспарентност во секој чекор од процесот на планирањето. Форумите на заедницата опфаќаат Теми (општината дефинира две до три теми врз основа на проценка на (развојните) области кои најмногу имаат потреба од решавање и кои создаваат потешкотии во секојдневниот живот на граѓаните . Темите се избираат преку партиципативен процес), Форумски сесии (на кои се утврдуваат најзначајните теми кои треба да се решава и се утврдуваат конкретни проблеми и предлагаат решенија), Работни маси (Учесниците во форумите се структурирани во работни маси) Буџет – Општината учествува во Проектниот фонд, кои средства ќе се трошат локално согласно одлуките донесени на Форумот. Покрај наведеното Измените на статуотот се предложени и како појдовна основа за аплицирање со проекти пред Швајцарската агенција за развој и соработка, во соработка со ЗЕЛС.

Согласно на наведеното се јави за потреба да се измени Статутот на општина Крива Паланка , поради што се предлага на Советот да ја донесе одлуката за измена на Статутот на Општина Крива Паланка.

**Бр.07-4545/39**
**24.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

----------------------

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка –

пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Иницијатива за измени и дополнување на Статутот на Општина Крива Паланка**

1. Се прогласува Иницијативата за измени и дополлнување на Статутоат на Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.

2. Иницијативата да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4545/40**
**27.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

----------------------

Врз основа на чл. 7 и 36 ст.1 т.1 од Законот за Локалната Самоуправа (“Службен Весник на РМ“ бр.5/02) чл.14 ст.1 т.41, а во врска со чл.102 од Статутот на Општина Крива Паланка- пречистен текст („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр.08/10) Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 24.12.2010 година, донесе

## Статутарна одлука
**за измена на Статутот на Општина Крива Паланка**

**Член 1**

Во Статутот на Општина Крива Паланка, Глава VIII ”**Јавни трибини, анкети, и предлози на граѓаните**” се менува и гласи:

**„VIII Јавни трибини, анкети, предлози на граѓаните и форуми на заедницата “**

**Член 2**

По член 80 се додава нов член

Член 80-а

Градоначалникот и Советот на Единицата на локалната самоуправа Крива Паланка по сопствена иницијатива организираат форуми на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во единицата на локалната самоуправа, заради јавно расправање за проблемите и утврдување решенија и приоритети, предлагање и избор или развивање на проекти од интерес на заедницата.

Организирањето на форумите опишани во претходниот став од овој член може да се покрене и на иницијатива на заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да подржат проекти во интерес на единицата на локалната самоуправа.

Барањето од ставот 2 на овој член се поднесува до градоначалникот на единицата на локалната самправа, кој врз основа на стратешките документи и цели за

развој на единицата на локалната самоуправа одлучува дали иницијативата ќе биде прифатена или одбиена.



Начинот и постапката на функционирањето на форумите на заедницата се уредува со Правилник што го донесува советот на единицата на локалната самоуправа по предлог на градоначалникот."

**Член 3**

Одлуката стапува во сила осмиот ден од објавувањето во Службен Гласник на Општина Крива Паланка

**Бр.07-4545/41** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**24.12.2010 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

---------------------------

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка" бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Статитарна одлука за измена на Статутот на Општина Крива Паланка

1. Се прогласува Статутарната одлука за измена на Статутот на Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.

2. Статутарната одлука да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 08 – 4545/42** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.12.2010 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

--------------------------

Врз основа на член 14 ст.1 т.40 од Статутот на Општината Крива Паланка (Службен Гласник на Општина Крива Паланка бр.08/2010) Советот на Општината Крива Паланка на седницата одржана на 24.12. 2010 година, донесе

## ПРАВИЛНИК
## за организирање и одржување на форумите на заедницата во Општина Крива Паланка

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Правилник се уредува свикувањето, начинот на работа, одлучувањето и други прашања од значење за одржувањето на форумите на заедницата, како форма на јавно учество на сите граѓани во локалната заедница по прашања од надлежност на единицата на локалната самоуправа.

Член 2

Форумите се организираат заради јавно расправање или постигнување согласност на локалната јавност за предложените приоритети во документите за стратешки локален развој, за јавни дебати за проблемите и утврдување решенија и приоритети, како и за предлагање и избор на проекти или заради развивање проекти од интерес на заедницата, што финасиски ќе бидат поддржани од општината или заинтересирани правни и физички лица кои се подготвени финансиски и материјално да пооддржи форумската програма и општински проекти.

Член 3

Форумот на заедницата е воден од страна на нзвисен и надворешен модератор. Во работата на модераторот му помага комодератор.

Форумот се одржува во најмалку 5 (пет) сесии од кои на последната сесија се одлучува за форумските прашања и теми.

Учесниците на форумот се структуирани по работни маси според нивните социјални и економски интереси.

Заради поефикасно и подобро организирање на форумот се формираат работни групи и опертивна група, кои се дефинираат со овој Правилник.

Поблиските одредби за начинот на организирањето и спроведувањето на форумските сесии се уредуваат со Деловникот за работа на форумот на заедницата.

Член 4

Постапката за организирање и реализација на форумите е поделена на три фази и тоа:

- Подготвителна фаза;
- Форумска фаза и
- Реализација на заклучоците донесени на форумите.

Поблиските одредби за фазите на форумите се регилираат со Деловникот за работа на форумите на заедницата.

Член 5

Во согласност со темите кои се раправаат, Форумите можат да бидат од следните видови:

- Проектен Форум
- Тематски форум
- Меѓуопштински форум и
- Буџетски форум

Член 6

Проектен Форум

Проектен форум се организира кога сака да се дефинираат приоритетите помеѓу неколку теми и проекти кои се неопходни да се решат во единицата на локалната самоуправа и заедницата. На првата форумска сесија граѓаните одлучуваат која од темите и проектите им е најважна. Избраната тема и проект детално се разработува на следните сесии на форумот.

Член 7

Тематски форум

Тематските форуми се насочени кон веќе одредена тема во која е содржан специфичен и актуелен проблем во единицата на локалната самоуправа. Во овој тип на

форум се формираат работни маси само за групите кои се засегнати од тематскиот проблем.



Член 8

Меѓуопштински форум

Меѓуопштинскиот форум се организира кога две или повеќе единици на локалната самоуправа кои имаат исти или слична тема на расправа, а со методата на меѓуопштинска соработка возможно е побргу, поекономично и поефикасно да се реализираат заклучоците од форумот.

Член 9

Буџетски форум

Во Буџетскиот форум тема на расправа е Буџетот на единицата на локалната самоуправа за наредната година. Работните маси се структуирани според страните кои се засегнати од Буџетот на единицата на локалната самоуправа или според надлежностите на единицата на локалната самоуправа и финансирањето на истите.

Член 10

Учесници на форумот

На форумот треба да присуствуваат што е можно поголем број учесници, при што во општините до 10.000 жители не помалку од 40 лица, за општини од 10.000 жители до 30.000 жители не помалку од 60 лица и во општини со повеќе од 30.000 жители не помалку од 80 лица.

Во работата на форумите треба да се почитува неколу принципи при изборот на учесниците и тоа:

- Територијалниот принцип;
- Родова застапеност;
- Етничка застапеност и
- Социо-економска застапеност.

Член 11

Финансирање на форумот

Форумскиот процес по правило се финансира од страна на Единицата на локалната самоуправа. Единицата на локалната самоуправа треба во својот Буџет да предвидат доволно средства за ваквите активности кои спаѓаат во категоријата на непосредно учество на граѓаните во одлучувањето во општината.

Форумскиот процес може да се финансира и од заинтересирани физички и правни лица кои се подготвени да бидат донатори на единицата на локалната самоуправа.

## II. НАЧИН НА СВИКУВАЊЕ НА ФОРУМОТ

Член 12

Првата сесија на Форумот ја свикува градоначалникот на единицата на локалната самоуправа со јавен повик до сите граѓани на единицата на локалната самоуправа, невладини организации, заинтересирани партнери за реализација на проекти и сите други заинтересирани субјекти (правни и физички лица), да присуствуваат и рамноправно да учествуваат во неговата работа.

Јавниот повик содржи точен термин и место на одржување на форумот, основни насоки и теми за текот на првата сесија на форумот, како и за видот на форумот.

Член 13

Претставник на единицата на локалната самоуправа, како организатор на форумот, на почетокот накусо ги информира учесниците на форумот за текот на

форумот во целина, за содржината на одделните сесии на форумот, за структурирањето на форумот, за правата и обврските на учесниците на форумот, за



начинот на предлагањето и изборот на темите на форумот, за начинот на гласање, за критериумите и начинот на изборот на проектот и друго.

Член 14

По завршувањето на воведниот дел претставниците на администрацијата на единицата на локалната самоуправа ги изнесуваат темите, проблемите и проектите за кои треба да се дебатира на форумот, за кои треба да се изјаснат учесниците, односно да извршат избор на теми за кои понатаму ќе се дискутира во рамките на форумот.

## III. МОДЕРАТОР и КОМОДЕРАТОР

Член 15

Со работата на форумот раководи модератор, што го избира организаторот на форумот врз основа на јавен повик, како неутрално лице кое не припаѓа на локалната заедница (не е жител на единицата на локланата самоуправа) ги насочува дискусиите кон темите, проблемите, решенијата, различните концепти и проекти, како и го следи процесот на гласањето и изборот на решенијата, односно проектите.

Форумот има комодератор кој го избира модераторот на форумот во консултации со организаторот на форумот.

Поблиските одредби за правата и обврските на модераторот и комодераторот се уредуваат со Деловникот за работа на форумот на заедницата.

## IV. РАБОТНИ МАСИ

Член 16

На форумот се формираат најмногу 10 (десет) работни маси за расправа и избор на темата.

Работните маси се составени од по 3 (три) до 8 (осум) учесници, согласно со пројавениот интерес и водејќи сметка за тоа работните маси да ги изразуваат специфичните социо-економски интереси и потреби на заедницата, како и водејќи сметка за интересот, стручноста и компетентноста на поедининците и за сразмерната родова, етничка и територијална застапеност.

Член 17

На работни маси, со учество на модераторот, се распоредуваат граѓаните, претставниците на бизнис заедницата, невладините организации и други заинтересирани организации, за расправа по прашања од повеќе области определени со Законот за локалната самоуправа (локален економски развој, урбанизам, комунални работи, култура, здравство и социјална заштита, образование, спорт, противпожарна заштита и заштита и спасување итн).

Член 18

Посебни работни маси се организираат за

- администрацијата на општината и
- работна маса на оперативната група.

Работните маси во изборот на темата по правило одлучуваат по пат на консензус.

Поблиските одредби за начинот на работа на работните маси и нивните права и обврски се уредуваат со Деловникот за работа на форумот на заедницата.

## V. РАБОТНИ ГРУПИ

Член 19

Во временскиот период помеѓу две форумски сесиии од учесниците на работните маси се формираат работните групи што имаат задача да ги формулираат предлог решенијата, односно проектите, што произлегле од расправата на работните маси, при што имаат право да даваат предлози и препораки до форумот, а кои се однесуваат на подобрување на квалитетот на животот во локалната заедница во целина.

Предлозите и препораките од работните групи, форумот ги одобрува и ги предлага на едницата на локалната самоуправа.

Единицата на локалната самоуправа е должна во работата и одлучувањето на форумот во целина и во работата на работните групи да обезбеди соодветна родова, етничка и територијална и социо-економска застапеност на заедниците.

Поблиските одредби за начинот на работа, правата и обврските на работните групи се уредуваат со Деловникот за работа на форумот на заедницата.

## VI. ОПЕРАТИВНА ГРУПА

Член 20

За целосна стручно-техничка поддршка на форумот се формира оперативна група.

Оперативната група која работи под раководство на модераторот и комодераторот е оперативно, а не раководно тело на форумот и е составена од:

- модераторот и комодераторот;
- два претставника на ЕЛС;
- едно лице за односи со јавноста;
- претставници на клучните засегнати страни и
- едно лице задолжено за водење записници од сите состаноци.

Членовите на оперативната група учествуваат во работата на работните групи и им помагаат во работата.

Поблиските одредби за правата и обврските на оперативната група се уредуваат со Деловникот за работа на форумот на заедницата

## VII. ОДЛУЧУВАЊЕ

Член 21

Резултатите од форумите се Одлуки и Препораки кои се однесуваат на прашањата кои се предмет на дискусија во рамки на форумите.

Одлуките и Препораките треба да придонесуваат кон решавање на предметот на дискусија во рамките на форумот.

Усвоените Одлуки и Препораки од страна на форумот на зедницата се поднесуваат до локалните власти.

Член 22

Одлучувањето на Формот се врши по пат на гласање по работни маси, при што треба да се постигне консензус на сите членови на работната маса.

Право на глас во рамките на работните маси имаат членовите кои присуствувале на најмалку 3 форумски сесии.



Работните маси имаат еднакво право на глас во вкупното одлучување на форумот, кое се врши на петата сесија на форумот.

Во зависност од видот на форумот, одлуките донесени на форумот можат да бидат советодавни или задолжителни за органите на општината.

Поблиските одредби за начинот на одлучување и задолжителноста на одлуките донесени на форумот се уредуваат со Деловникот за работа на форумот на заедницата.

## VIII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 23

Заради информирање на граѓаните, единицата на локалната самоуправа е должна на соодветен начин да ги информира за целокупниот тек на форумот и за активностите кои се преземаат за реализација на усвоените проекти.

Член 24

Во рок од 3 (три) месеци од денот на службената примена на овој Правилник, Градоначалникот на единицата на локалната самоуправа носи Деловник за работа на форумот на заедницата во кој подетално се опишува целокупниот процес на форумот.

Член 25

Одлуката стапува во сила осмиот ден од објавувањето во

Овој правилник ќе се применува по истекот на осум дена од објавувањето во Службен Гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.07-4545/43**
**24.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

----------------------------

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

# З А К Л У Ч О К

## За прогласување на Правилник за организирање и одржување на форумите на заедниците во Општина Крива Паланка

1. Се прогласува Правилникот за организирање и одржување на форумите на заедниците во Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.

2. Правилникот да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4545/44**
**27.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---



Врз основа на член 36 , став 1 , точка 15 од Законот за локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија број 5/02), и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка, Советот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на 24.12.2010год. го донесе следниот

## ПРАВИЛНИК
## За јавност во работата на Општината

### Член 1

Овој Правилник се донесува заради воспоставување на стандарди за јавност во работата на општината, како основа за транспарентно, квалитетно и организирано спроведување на надлежностите на општината, добивање на повратно мислење од граѓаните и подигнување на нивото на одговорност и отчетност на локалната самоуправа пред граѓаните.

### Член 2

Со овој Правилник се регулира протокот на информации во рамките на општината (внатрешно информирање), протокот на информации од општината кон јавноста (надворешно информирање), како и правата и обврските на органите на општината и општинската администрација во остварување на јавност во работата.

Активностите за овозможување на внатрешното и надворешното информирање, како и јавноста во работата на општината се дефинираат во Планот за јавност во работата на општината, кој го усвојува нејзиниот Совет.

### Член 3

Толкувања на одредени изрази од овој Правилник:

- *информации од јавен карактер* се сите информации со кои располага општината, освен оние кои со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се предвидени како исклучоци од правото на слободен пристап до информации од јавен карактер
- *проток на информации* е непречена и навремена размена на информации од јавен карактер во рамките на општината (помеѓу органите на општината, помеѓу организационите облици на општинската администрација, како и помеѓу раководните лица и вработените во општината)
- *јавност во работата* е непречено, навремено и точно информирање на граѓаните, државните и јавните институции, медиумите, стопанските субјекти и невладините организации за работата на општината, како и овозможување на непречен пристап до информациите од јавен карактер со кои таа располага.

**Стручна координација на работата на општината (колегиуми)**

### Член 4

Заради стручна и работна координација на работата на органите на општината и општинската администрација а во врска со остварување на надлежностите на локалната самоуправа, се организираат колегиуми од два вида:

- колегиум кај Градоначалникот и
- колегиуми на ниво на секторите (одделенијата).

Колегиумите се одржуваат редовно, зависно од потребите за координација на работата на општината, најмалку два пати во текот на месецот.



**Член 5**

Колегиумите имаат консултативен и координативен карактер и служат како помош на органите на општината и општинската администрација во донесувањето на одлуки, заземањето на ставови по прашањата од надлежност на општината , како и координација на работата на општината.

На колегиумите кај Градоначалникот задолжително учествуваат сите раководители на сектори (во општините чија работа е организирана по сектори) или сите раководители на одделенија (во општините чија работа не е организирани по сектори), кои се сметаат за членови на колегиумот.

На колегиумите можат да учествуваат и раководителите на јавните претпријатија и други јавни служби основани од општината, кога се разгледуваат прашања од нивна надлежност или кога прашањата се поврзани со нивниот предмет на работа. Покрај нив, на колегиумот можат да бидат поканети и други вработени во општината, како и надворешни стручни лица, кои се сметаат за учесници на колегиумот.

**Член 6**

Работата на колегиумот се одвива според однапред утврден дневен ред, доставен до сите членови и учесници на колегиумот, најдоцна еден работен ден пред неговото одржување.

Дневниот ред на колегиумот кај Градоначалникот го одредува Градоначалникот или од него овластено лице а дневниот ред на колегиумите на ниво на сектори (одднелија) го одредува раководителот на секторот (одделението) или од него овластено лице.

Дневниот ред се одредува врз основа на предлози од сите членови на соодветниот колегиум, кои имаат право и обврска да предлагаат прашања за кои ќе се разговара на колегиумот.

**Член 7**

Предлозите на прашања кои треба да се разгледаат на колегиумот задолжително треба да ги земаат во вид и предлозите од вработените во администрацијата и се доставуваат до лицето надлежно за составување на дневниот ред најдоцна два работни дена пред одржувањето на колегиумот.

**Член 8**

Колегиумот го води Градоначалникот или од него овластено лице (за колегиумите на Градоначалникот), или раководителот на секторот или одделението или од него овластено лице (за колегиумите на ниво на сектор или одделение).

Колегиумите се водат на ефикасен начин, кој овозможува рационално користење на времето и ги зема во вид работните обврски на членовите на колегиумот, согласно Деловник за работа на колегиумот кој го пропишува и донесува Градоначалникот.

**Член 9**

Дискусиите на колегиумот се водат рационално, фокусирани на темата за која се разговара и, по правило, треба да резултираат со конкретен предлог во однос на прашањето за кое се разговара. Ставовите кои се изнесуваат на колегиумот, покрај тоа

што претставуваат лично мислење на членот на колегиумот, треба да ги земат во вид и информациите и ставовите добиени од вработените во администрацијата.



Дискусиите на колегиумите завршуваат со заклучоци и ставови на колегиумот по прашањата за кои се разговара, врз основа на кои се изработуваат насоки за работа за администрацијата на општината, како и информации кои ќе се дистрибуираат до јавноста.

**Член 10**

Од колегиумот се оформува записник, кој го составува записничар определен од лицето кое го води колегиумот.

Записникот задолжително ги содржи следните податоци: време и место на одржување на колегиумот, присутни членови и учесници на колегиумот, дневниот ред, прашањата за кои се разговарало, заклучоците кои од произлегле од него, како и насоките за работа на администрацијата на општината.

**Член 11**

Извадоци од записниците, особено ставовите на колегиумот и насоките за работа на администрацијата на општината, се доставуваат до соодветните сектори и одделенија, на начин кој овозможува секој вработен во администрацијата да биде запознат со нив.

По проценка на колегиумот, извадоците од записниците, ставовите на колегиумот и насоките за работа на администрацијата, можат да се достават и до членовите на Советот на општината, како и до урбаните и месните заедници на територијата на општината.

**Член 12**

Записникот претставува официјален документ на општината, се заведува во нејзината архива и е јавен документ, освен деловите кои содржат информации кои со Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се пропишани како исклучок од правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

Право на пристап до записникот од Колегиумот може да се оствари врз основа на Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и во процедура пропишана со него.

**Информирање на јавноста**

**Член 13**

Градоначалникот, Советот на општината, како и нејзината администрација, во својата работа се должни да овозможат активна и постојана транспарентност, односно да ги направат достапни за јавноста информациите од јавен карактер и во случаите кога тоа од нив не е изрично побарано.

**Член 14**

Под информации од интерес за јавноста се сметаат информациите од јавен карактер поврзани со надлежностите на локалната самоуправа а особено оние поврзани со:

- Донесувањето на буџетот на општината, неговите измени и дополнувања, ребаланс, годишната сметка, утврдувањето на висината на сопствените извори на приходи за финансирање, како и усвојувањето на извештаите за извршување на буџетот.

- Именувањето на членови во управните одбори на јавните служби основани од општината, усвојувањето на нивните програми за работа, финансиски планови, извештаи за работата и годишните сметки.
- Давањето дозволи за вршење дејност од јавен интерес од локално значење.



- Одлучувањето за начинот на располагање со сопственоста на општината;
- Јавните набавки на општината.
- Урбанистичкото планирање и уредувањето на просторот и уредувањето на градежното земјиште.
- Заштитата на животната средина и природата - мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето и заштита од бучавата.
- Локалниот економски развој - планирање на локалниот економски развој; утврдување на развојните и структурните приоритети; водење на локална економска политика.
- Комуналните дејности - снабдувањето со вода за пиење; одведувањето и пречистувањето на отпадните води; јавното осветлување; одржувањето на јавна чистота; собирање, транспортирање и постапување со комуналниот цврст и технолошки отпад; уредувањето и организирањето на јавниот локален линиски превоз на патници; изградбата, одржувањето, реконструкцијата и заштитата на локалните патишта, улици и други инфраструктурни објекти; регулирање на режимот на сообраќајот; изградбата и одржувањето на уличната сообраќајна сигнализација; изградбата и одржувањето на јавниот простор за паркирање; определувањето на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти.
- Културата - институционалната и финансиската поддршка на културните установи и проекти; организирањето културни манифестации.
- Спортот и рекреацијата - организирањето на спортски приредби и манифестации; одржувањето и изградбата на објекти за спорт; поддршка на спортски сојузи.
- Социјалната заштита и заштита на децата - финансирање, инвестиции и одржување на детски градинки и домови за стари лица.
- Образование - основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, организирање на превоз и исхрана на ученици и нивно сместување во ученички домови.
- Здравствената заштита - здравственото воспитување; унапредување на здравјето; превентивни активности; заштита на здравјето на работниците и заштита при работа; здравствен надзор над животната средина; помош на пациенти со специјални потреби.

**Член 15**

Во текот на својата работа, раководните лица и вработените во општинската администрација, имаат право и обврска да препознаваат и селектираат информации

кои се од интерес за јавноста и навремено и преку своите претпоставени да ги проследат до надлежното лице за односи со јавноста.

**Член 16**

Надлежното лице за односи со јавноста, во координација со Градоначалникот или од него определено лице, врши избор од добиените информации од интерес за јавноста, ги изготвува во форма во која ќе се пренесат на јавноста, одлучува на кој



начин граѓаните ќе биде запознати со нив и се грижи тие навреме да бидат пренесени преку формите за информирање на јавноста.

**Член 17**

Под форми за информирање на јавноста се подразбираат, во основа се подразбираат:

- интернет страницата на општината
- соопштенија за медиумите
- изјави за медиумите
- прес конференции
- печатен билтен на општината
- електронски билтен на општината
- периодичен извештај за работата на општината
- информативни табли на општината
- информативни летоци
- средби со граѓаните
- пренесување на информации преку урбаните и месните заедници.

Општината може да осмисли и користи и други форми за информирање на јавноста, прилагодени на спецификите на општината, како и на ресурсите со кои располага.

**Член 18**

Критериумите за согледување и препознавање на информациите од интерес за јавноста, изборот на информации со јавноста ќе биде запозната, изборот на формите за информирање на јавноста, како и процедурата со временски рокови за доставување на информациите од интерес за јавноста до лицето надлежно за односи со јавноста, ги определува Градоначалникот.

**Член 19**

Формите за информирање на јавноста треба да се соодветни на капацитетот и спецификите на општината, на количината информации со кои јавноста треба да се запознае а резултатите од примената на формите за информирање задолжително треба да бидат пропорционални на ресурсите вложени во нив.

**Јавност во работата на Советот на општината**

**Член 20**

Работата на Советот на општината и неговите работни тела е јавна, освен во случаите предвидени со закон или статутотот на општината кои предвидуваат исклучување на јавноста. Причините заради кои се исклучува јавноста од работата на Советот на општината се јавни.

**Член 21**

Јавноста се известува за одржувањето на седницата на Советот истовремено со членовите на Советот, преку формите за информирање на јавноста а задолжително

преку огласните табли и интернет страницата на општината, како и со соопштение за медиумите.

Известувањето за одржување на седницата на Советот задолжително мора да ги содржи времето и местото на одржување на седницата, дневниот ред за негова работа, како и известување дека седниците се јавни и дека граѓаните можат да присуствуваат на нив.



**Член 22**

Материјалите кои ги добиваат советниците за работа на седницата на Советот се јавни и се објавуваат на интернет страницата на општината, во исто време кога им се испраќат на Советниците.

**Член 23**

Општината е должна да овозможи услови за присуство на граѓаните на седницата на Советот, што се регулира со дополнување на Деловникот за работа на Советот, во однос на следните елементи:

- Максимален број на граѓани кои можат да присуствуваат на седницата на Советот во исто време
- Начин на кој граѓаните можат да се најават за присуство на седницата на Советот
- Постапка при поголем број на пријавени од местата предвидени за тоа (по принципот прв најавен или дојден – прв услужен)
- Простор за дискусии и предлози од граѓаните и правила за тоа (кој дава и одзема збор, потреба од конструктивност на интервенцијата и сл.)
- Правила за однесување граѓаните во текот на седниците (ненарушување на текот на седницата, начин на давање и образложување на предлози и сл.)
- Услови под кои граѓанинот може да биде отстранет од седницата на Советот.

**Член 24**

Следењето на седниците на Советот на општината и неговите работни тела може да се овозможи и преку:

- пренесување во живо на текот на седницата на Советот и неговите работни тела преку ТВ и радио станици, како и преку интернет
- емитување на снимки од текот на седницата на Советот и неговите работни тела преку ТВ и радио станици
- овозможување на услови за следење на текот на седницата на Советот и неговите работни тела во соодветна просторија, каде на екран во живо би се пренесувал текот на седницата
- поставување на снимка од текот на седницата на Советот и неговите работни тела на интернет страницата на општината.

**Член 25**

Јавноста во работата на Советот и неговите работни тела се овозможува и преку пристапот до записниците од нивните јавни седници, кои треба да ги содржат времето и местото на одржување на седницата, присутните и отсутни советници, дневниот ред, одлуките кои се донесени, прашањата кои се разгледувале а не се донесени одлуки за нив, како и резултатите од гласањето за секоја од донесените и недонесените одлуки.

**Член 26**

Записникот станува достапен за јавноста најдоцна еден ден по неговото усвојување а во истиот рок се доставува до членовите на Советот на општината, соодветните сектори и одделенија, на начин на кој секој од вработените во администрацијата може да биде запознат со нив, како и до урбаните и месните заедници на територијата на општината.



**Надзор над јавноста на работата на единиците на локалната самоуправа**

**Член 27**

Заради следење на состојбата во спроведувањето на овој Правилник и Планот за јавност во работата на општината, Советот на општината формира посебно тело - Локален форум за јавност во работата, составено од претставници на здруженија на граѓани, стопанските субјекти и медиуми, како и од претставници на општината.

**Член 28**

Составот на Локалниот форум за јавност во работата, неговите надлежности, процедури и критериуми за работа ги определува Советот на општината, согласно нејзините специфики и ресурсите со кои располага.

**Член 30**

Конкретните активности на Локалниот форум за јавност во работата се составен дел од Планот за јавност во работата на општината.

**Бр.07-4545/45**
**24.12.2010.год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

------------------------

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За прогласување на Правилникот за јавност во работата на Општината Крива Паланка**

1. Се прогласува Правилникот за јавност во работата на Општината Крива Паланка, што Советот го донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.
2. Правилникот да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4545/46**
**27.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---------------------------------

Врз основа на член 45 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка („Службен

гласник на Општина Крива Паланка –пречистен текст)Светот на Општина Крива Паланка на седницата одржана на ден 24.12 .2010година,донесе

## ОДЛУКА
## за утврдување на надомест на членови на Комисијата за мислење по Нацрт-плановите и одобрување на локална урбанистичка планска документација

Бр. 12 страна 455 „СЛУЖБЕН ГЛАСНИК“ 27 декември 2010 год

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот на стручните лица од областа на урбанистичко планирање кои не се вработени во општинската администрација, а се членови на Комисијата за мислење по Нацрт-плановите и одобрување на локална урбанистичка планска документација,формирана од градоначалникот на Општина Крива Паланка со Решение бр. 29-3607/1 од 16.10.2009 година .

**Член 2**

Членовите на комисијата од член 1 на оваа Одлука имаат право на надомсток за извршување на задачите од својата надлежност утврдена со Закон и друг акт

За работа во комисијата ќе се исплаќа надоместок и тоа:

- За спроведување на постапка за локална урбанистичка планска документација согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање 2.500,00 денари по член
- За давање на мислење по Нацрт урбанистички планови 3.000,00 денари по член

**Член 3**

Надоместок ќе се исплаќа:

- по секој изработен предлог за одобрување на локална планска урбанистичка документација

-по изготвување на мислење по Нацрт урбанистички план

**Член 4**

Финансиските средства ќе се обезбедат од барателите за изработка на планска документација и тоа:

- од правни и физички лица –нарачатели на планска документација ,кои ја финансират изработката на планската документација

**Член 5**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување а ќе се објави во Службен гласник на Општина Крива Паланка.

**Бр.07-4545/47** **Совет на Општина Крива Паланка**
**24.12.2010год** **Претседател**
**Крива Паланка** **Миле Милковски с.р**

------------------------

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за утврдување надоместок на членови на Комисијата за мислење по Нацрт-планови и одобрување на локална урбанистичка планска документација

Бр. 12 страна 456 „СЛУЖБЕН ГЛАСНИК“ 27 декември 2010 год

1. Се прогласува Одлуката утврдување на надоместок на членови на Комисијата за мислење по Нацрт0планови и одобрување на локална урбанистичка планска документација, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4545/48**
**27.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

--------------------------

Врз основа на член 14, став 1, точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива Паланка“ бр. 8/10), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 24.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А
## За усвојување на Програмата за имплелментација на декадата на ромите во Крива Паланка за период од 2011-2013 година

### Член1

Со оваа Одлука се усвојува Програмата за имплементација на декадата на ромите во Крива Паланка за период од 2011-2013 година.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр.07-4545/49**
**24.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**

------------------------

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за усвојување на Програмата за имплементација на декадата на ромите во Крива Паланка за 2011-2013 г

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Програмата за имплементација на декадата на ромите во Крива Паланка за 2011-2012 година, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".



**Бр. 08 – 4545/50** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.12.2010 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

---

Врз основа на член 14, став 1, точка 39 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива Паланка" бр. 8/10), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 24.12.2010 година, донесе

## О Д Л У К А

## За усвојување на Акционен план за имплелментација на декадата на ромите во Крива Паланка за период од 2011-2013 година

### Член1

Со оваа Одлука се усвојува Акционен план за имплементација на декадата на ромите во Крива Паланка за период од 2011-2013 година.

### Член 2

Оваа Одлука влегува во сила 8-от ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр.07-4545/51** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**24.12.2010 год.** **Претседател,**
**Крива Паланка** **Миле Милковски,с.р.**

-----------------------------

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка" бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

## За прогласување на Одлуката за усвојување на Акционен план за имплементација на декадата на ромите во Крива Паланка за 2011-2013 г

1. Се прогласува Одлуката за усвојување на Акционен план за имплементација на декадата на ромите во Крива Паланка за 2011-2012 година, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.

2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 08 – 4545/52** **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**27.12.2010 год.** **Градоначалник,**
**Крива Паланка** **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

--------------------------------

Врз основа на член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), а во врска со член 55, став 1, точка 4 и член 62 од Законот за јавни патишта („Службен весник на РМ“ бр.84/08), Советот на Општина Крива Паланка на седницата, одржана на 24.12.2010 година, донесе



## О Д Л У К А

## За утврдување на висината на надоместокот за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Крива Паланка

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува висината на надоместокот за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Крива Паланка, при поставување на исталации во трупот на патот - улицата и во патниот појас како и користењето на локалната патна мрежа при градењето на објектот надвор од патниот појас изградба на водовод.

**Член 2**

Надоместокот за поставување на подземни инсталации на локалитетот каде што ќе се гради комерцијалниот објект – стопански објект изнесува 300,00 денари од метар должен за урбанизирано место, а за изградба на објектот во урбанизирано место надоместокот ќе се определи спрема зоната во која се наоѓа објектот според Програмата за уредување на градежно земјиште.

За поставување на подземни инсталации надвор од урбанизирано место надоместокот ќе изнесува 60,00 денари од метар должен, а за корисна површина на објектот 500,00 денари по м2.

Висината на надоместокот од став 1 и став 2 на овој член ќе се пресметува врз основа на усвоената проектна документација доставена од инвеститорот.

**Член 3**

Висината на надоместокот за изградба и користење на комерцијални објекти на кои е дозволен пристап на општински пат – приклучок на патот ќе изнесува 6.000,00 денари.

**Член 4**

По барање на инвестититорот и уплатата на средствата од член 2 и 3 на оваа Одлука Општината Крива Паланка издава одобрение за градење на објектот согласно законските прописи.

**Член 5**

Пред издавање на Одобрение за градење за поставување на инсталации во патниот и заштитниот појас инвеститорот е должен да ги уплати финансиските средства потребни за враќање на оштетените јавни површини согласно проектната документаија и согласно Одлуката бр.07-4106/17 од 15.11.2010 година, донесена од Советот на Општина Крива Паланка.

**Член 6**

Обезбедените средства од член 2 и 3 на оваа Одлука Општината ќе ги распоредува за изградба, реконструкција и заштита на локалните патишта и улици.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила  од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 07 –4545/53** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**24.12.2010 год.** — **Претседател,**
**Крива Палнака** — **Миле Милковски,с.р.**

-------------------------------



Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка“ бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К

**За прогласување на Одлуката за утврдување на висината на надоместокот за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција и одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Крива Паланка**

1. Се прогласува Одлуката за уствpдување на висината на надоместокот за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција и одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Крива Паланка, што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.
2. Одлуката да се објави во  „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка“.

**Бр. 08 – 4545/54** — **ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**27.12.2010 год.** — **Градоначалник,**
**Крива Паланка** — **Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

-----------------------------

Врз основа на член 22, став 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 14 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст- („Службен гласник на Крива Паланка“ бр. 8/10), Советот на Општина Крива Паланка, на седницата одржана на 24.12..2010 година, донесе

## О Д Л У К А

**За давање  согласност за аплицирање  на проект „ Крива Паланка енергетски ефикасна Општина – успешна Општина“**

### Член 1

Советот на Општина Крива Паланка дава согласност Општина Крива Паланка како партнер на Здружението „Регионален центар за одржлив развој“ – Кратово да учествува во аплицирање на проект  „Крива Паланка енергетски ефикасна Општина – успешна Општина “ по ГЕФ Програмата, имплементирана од УНДП.

### Член 2

Носител на апликацијата ќе биде Здружението „Регионален центар за одржлив развој“ - Кратово.

### Член 3

До колку апликацијата биде одобрена, Општина Крива Паланка ќе учествува со 25% од вкупниот износ односно со 360.000,00 денари.

**Член 4**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр.07 – 4545/55**
**24.12.2010 год,**
**Крива Паланка**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Претседател,**
**Миле Милковски,с.р.**



Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 23 од Статутот на Општина Крива Паланка – пречистен текст - („Службен гласник на Општина Крива паланка" бр.8/10), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

## З А К Л У Ч О К
## За прогласување на Одлуката за давање согласност за аплицирање на проект „Крива Паланка енергетски ефикасна Општина – успешна Општина"

1. Се прогласува Одлуката за давање согласност за аплицирање на проект „Крива Паланка енергетски ефикасна Општина – успешна Општина", што Советот ја донесе на 24-та седница, одржана на 24.12.2010 година.
2. Одлуката да се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".
3. Заклучокот влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Крива Паланка".

**Бр. 08 – 4545/56**
**27.12.2010 год.**
**Крива Паланка**

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначалник,**
**Дипл.прав.Арсенчо Алексовски,с.р.**

------------------------------

## С О Д Р Ж И Н А


1. Програма за енергетика, односно мерки за енергетска ефикасност на Општина Крива Паланка за 2011 година ........ 389
2. Заклучок за прогласување на Програмата за енергетска односно мерки за енергетска ефикасност на Општина Крива Паланка за 2011 година........ 391
3. Програма за развој на информатичко-комуникациска технологија на Општина Крива Паланка за 2011 година ........ 392
4. Заклучок за прогласување на Програма за развој на информатико-комуникациска технологија на Општина Крива Паланка за 2011 година ........ 393
5. Програма за активностите на Општината Крива Паланка во областа на локалниот економски развој за 2011 година ........ 393
6. Заклучок за прогласуваање на Програма за активностите на Општината Крив Паланка во областа на локалниот економски развој за 2011 година 398
7. Програма за управување со отпад во Општина Крива Паланка за 2011 г. 398
8. Заклучок за прогласување на Програма за управување со отпад во Општина Крива Паланка за 2011 година ........ 400

9. Програма за реализација на Елаборатот за режимот на сообраќај во поширокото централно подрачје на град Крива Палнака за 2011 година 400
10.Заклучок за прогласување на Програма за реализација на Елаборат за Режимот на сообраќај во поширокото централно подрачје на град Крива Паланка за 2011 година ........ 402
11.Стратегија на Локална ИКТ стратегија на Општина Крива Паланка 202



12. Заклучок за прогласување на Локална ИКТ стратегија на Општина Крива Паланка ........ 420
13. Програма за активности на Општина Крива Паланка во областа на образование за 2011 годиа ........ 420
14. Заклучок за прогласување на Програмата за активности на Општина Крива Паланка во областа на образованието за 2011 година ........ 421
15. Програма за активностите на Општината Крива Паланка во областа на спорт и млади за 2011 година ........ 422
16. Заклучок за прогласување на Програма за активности на Општината Крива Паланка во областа на спорт и млади за 2011 година ........ 423
17. Програма за активностите на Општината Крива Паланка во областа на културата во 2011 година ........ 423
18. Заклучок за прогласување на Програма за активности на Општината Крива Паланка во областа на културата во 2011 година ........ 425
19. Буџет на Општина Крива Паланка за 2011 година ........ 425
20. Заклучок за прогласување на Буџетот на Општина Кр. Паланка за 2011 г. 426
21. Одлука за извршување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2011 г. 427
22. Заклучок за прогласување на Одлука за прогласување на Буџетот на Општина Крива Паланка за 2011 година ........ 430
23. Одлука за распределба на средства од блок дотација за 2011 година 430
24. Заклучок за прогласување на Одлука за распределба на средства од блок дотација за 2011 година ........ 430
25. Одлука за ослободување од плаќање на комунална такса за јавно осветлување на Манастир „Св.Јоаким Осоговски“ и Црквата „Св.Димитрија“- Крива Паланка ........ 431
26. Заклучок за прогласување на одлука од плаќање на комунална такса за Јавно осветлување на Манастир „Св.Јоаким Осоговски“ и Црквата „Св.Димитрија“ – Крива Паланка ........ 431
27. Одлука за утврдување на Локална урбанистичка планска документација на к.п.2474 во КО Мождивњак – Општина Крива Паланка ........ 432
28. Заклучок за прогласување на Одлука за утврдување на локална урбанистичка планска документација на к.п. 2474 во КО Мождивњак – Општина Крива Паланка ........ 433
29. Одлука за одобрување на Локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на к.п. 3236/1 во КО Конопница ........ 433
30. Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување на локална урбанистичка планска доклументација за уредување и користење на к.п.бр. 3236/1 во КО Конопница ........ 434
31. Одлука за одобрување на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на к.п.бр.591 во КО Станци ........ 435

32. Заклучок за прогласување на Одлука за одобрување на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на к.п.591-Станци 436
33. Одлука за одобрување на локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот дел од к.п.бр.2594 и дел од к.п. бр. 4596 во КО Крива Палнака ........................................ 437



34. Заклучок за прогласување на Одлуката за одобрување на Локална урбанистичка планска документација за уредување и користење на просторот дел од к.п.бр.2594 и 4596 во КО Крива Паланка ........................................ 438
35. Одлука за усвојување на планот за заштита и спасување на Општина Крива Паланка ........................................ 439
36. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на планот за заштита и спасување на Општина Крива Паланка ........................................ 439
37. Иницијатива за изменување и дополнување на Статутот ........................................ 440
38. Заклучок за прогласување на Иницијатива за изменување и дополнување на Статутот ........................................ 441
39. Статутарна одлука за измена на Статутот на Општина Кр.Палнака ........................................ 441
40. Заклучок за прогласување на Статутарна одлука за измена на Статутот на Општина Крива Паланка ........................................ 442
41. Правилник за организирање и одржување на форумите на заедницата во Општина Крива Паланка ........................................ 442
42. Заклучок за прогласување на Правилникот за организирање и одржување На форумите на заедницата во Општина Крива Паланка ........................................ 447
43. Правилник за јавност во работата на Општината ........................................ 448
44. Заклучок за прогласување на Одлуката за утврдување надоместок на членови на Комисијата за мислење по Нацрт-планови и одобрување на локална урбанистичка планска документација ........................................ 454
45. Одлука за утврдување на надомест на членови на Комисијата за мислење по Нацрт-плановите и одобрување на локална урбанистичка планкса документација........................................ 454
46. Заклучок за прогласување на Одлука за утврдување надомест на членови на Комисијата за мислење по Нацрт-плановите и одобрување на локална урбанистичка планска доклументација ........................................ 455
47. Одлука за усвојување на Програмата за имплементација на декадата на ромите во Крива Паланка за период од 2011-2013 година ........................................ 456
48. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Програма за имплементација на декадата на ромите во Кр.Паланка за 2011-2013 год. 456
49. Одлука за усвојување на Акционен план за имплементација на декадата на ромите во Крива Паланка за 2011-2013 година ........................................ 457
50. Заклучок за прогласување на Одлука за усвојување на Акционен план за Имплементација на декадата на ромите во Кр.Паланка за 2011-3013 год. 457
51. Одлука за утврдување на висината на надоместокот за обезбедување финансиски средства за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Крива Паланка........................................ 458
52. Заклучок за прогласување на Одлука за утврдување на висината на надоместокот за обезбедување финансиски средства за изградба,

реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Крива Паланка........................................................................................ 459
53. Одлука за давање согласност за аплицирање на проект „Крива Паланка енергетски ефикасна Општина – успешна Општина“.......................................... 459
54. Заклучок за прогласување на Одлуката за давање согласност за аплицирање на проект „Крива Паланка енергетски ефикасна Општина – успешна Општина“.................................................................................. 460